Состаноците на УЗ ги планираа и ги водеа педагогот и психологот на училиштето во соработка со одборот на УЗ. Покрај конституирање на Ученичката заедница на училиштето, избор на Претседател и Заменик претседател се работеше и на реализација на програмата која учениците ја составија и усвоија. За претседател е избран Тамара Петковска од IX-1 одделение кој доби најмногу гласови на спроведеното тајно гласање,за Заменик претседател се избра Муса Зеќири IX-3 од одделение. На состаноците најмногу се разговараше за случувањата и активностите во кои што учествуваат учениците а се зборуваше и за периодот на адолесценција, нејзиното прифаќање и учество во истата. Учениците ги споделуваа своите искуства, ги потенцираа потешкотиите што им произлегле но и начинот на кој се справиле и истите ги отстраниле. Од стручните соработници добиваа насоки како да го организираат времето, да останат со добро ментално здравје, како да си го организираат денот за да ги исполнат обврските и да постигнат високи резултати. Заеднички се согласивме дека е период кој ќе помине, и можеме со заеднички сили да излеземе како позрели и подобри личности. УЗ ќе работи на теми кои се значајни за учениците и нивниот правилен развој.

# Годишен извештај за работата на Продолжен престој во ООУ „Живко Брајковски“на македонски наставен јазик за учебната 2024/2025 година

ООУ „Живко Брајковски“ според бројот на просториите, материјално - техничките и кадровски услови со кои располага, овозможува услови за нормално од прво, второ и трето одделение.

Наставата изведување на воспитно-образовната работа. Во рамки на активностите на ООУ „Живко Брајковски“ во учебната 2024/2025 година беше организиран продолжен престој за учениците во продолжен престој се реализираше според претходно изготвен Наставен план и програма, а се реализира во просториите на училиштето во 2 смени.

Во учебната 2023/2024 година во Продолжен престој вкупно беа запишани 47 ученици и тоа:

- 1 одделение – 20 ученици
- 2 одделение – 9 ученици
- 3 одделение – 18 ученици

Од вкупниот број на запишани ученици, истите беа поделени во 2 групи, поточно и во двете групи имаше ученици од 1,2 и 3 одделение.

На сите ученици на крајот на учебната година им беа поделени Пофалници за точно и навремено извршување на домашните задачи како и за учество во сите дополнителни вонаставни активности.

# Продолжен престој по одделение, пол и број на ученици во првата група на македонски јазик

| Вид на група | Одделение | Пол | Број на ученици | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Комбинирана група | 1 одделение | м | 5 | 10 |
| | | ж | 5 | |
| | 2 одделение | м | 2 | 5 |
| | | ж | 3 | |
| | 3 одделение | м | 4 | 10 |
| | | ж | 6 | |
| **Вкупно** | | | | **25** |

# Продолжен престој по одделение, пол и број на ученици од втората група на македонски јазик

| **Вид на група** | **Одделение** | **Пол** | **Број на ученици** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Комбинирана група** | 1 одделение | м | 7 | 10 |
| | | ж | 3 | |
| | 2 одделение | м | 1 | 4 |
| | | ж | 3 | |
| | 3 одделение | м | 3 | 8 |
| | | ж | 5 | |
| **Вкупно** | | | | **22** |

# Активности во Продолжен престој

| **Прва смена** | |
|---|---|
| **Време** | **Вид на активности** |
| 07:00 – 08:00 | Прием на учениците во Продолжен престој |
| 08:00 – 08:15 | Миење на раце и подготовка за појадок |
| 08:15 – 09:00 | Појадок |
| 09:00 – 10:30 | Задолжителни активности (пишување на домашна задача, наставен лист подготвен од наставниот од продолжен престој) |
| 10:30 – 11:30 | Слободни активности во училишен двор, спортски терен, игралиште или гледање на детски ТВ емисии, слушање музика |
| 11:30 – 11:45 | Миење на раце и подготовка за ручек |
| 11:45 – 12:15 | Ручек |
| 12:15 – 12:50 | Одмор, средување на работното катче, гледање на детска ТВ емисија, слушање на музика и напуштање на продолжен престој |

| **Втора смена** | |
|---|---|
| **Време** | **Вид на активности** |
| 11:25 – 12:00 | Доаѓање на учениците во Продолжен престој после часови |
| 12:00 – 12:20 | Слободни активности (цртање, играње на игралиште или во училишен двор) |
| 12:20 – 12:30 | Миење на раце и подготовка за ручек |
| 12:30 – 13:00 | Ручек |
| 13:00 – 14:30 | Задолжителни активности (пишување на домашна задача, наставен лист подготвен од наставниот од продолжен престој) |
| 14:30 – 15:30 | Слободни активности во училишен двор, спортски терен, игралиште или гледање на детски ТВ емисии, слушање музика |
| 15:30 – 17:00 | Одмор, средување на работното катче, гледање на детска ТВ емисија, слушање на музика, играње на друштвени и игри и напуштање на продолжен престој |

| **Видови на активности во Продолжен престој** | |
|---|---|
| **Задолжителни активности** | **Слободни активности** |
| 1.Вежби за развивање на графомоторички способности кај учениците од прво одделение<br><br>2.Вежби за правилно пишување на броеви и букви<br><br>3. Пишување на домашна задача и проверка на точноста на истите<br><br>4. Учење на ново изучени лекции, мемрирање на песнички, читање, пишување и сл.<br><br>5. Вежби и проверка на знаењето, проширување на знаењето на воспитно – образновните содржини<br><br>6. Решавање или пополнување на наставен лист зададен од наставникот од продолжен престој | 1. Креативни изработки<br><br>2. Друштвени игри<br><br>3. Тимски спортски активности со топка<br><br>4. Вежби за правилен раст и развој<br><br>5. Слушање на музика<br><br>6. Гледање на детски ТВ емисии<br><br>7. Цртање и боење по слободен избор или зададена тема<br><br>8. Штафетни игри |

# Соработка со родители, наставници и водење на педагошка евиденција и документација

Во континуитет секојдневна **соработка со родителите**, информирање или разговор со родителите за напредокот, соработката и поведението на нивнотот дете за време на присуството во продолжениот престој.

Исто така, континуирана **соработка со наставници** од чии одделенија доаѓаа учениците. Помош и поддршка при реализирање на дневните и седмичните активности. Разговор со одделенските наставници за соработката, напредокот и поведението на нивните ученици.

За целокупното работење на Продолжениот престој за учениците од 1, 2, и 3 одделение се водеше уредна **педагошка евиденција и документација**, како што се:

- Запишување на дневни активности (задолжителни и слободни),
- Списоци за редовност и присутност на учениците, и
- Дневни и седмични планирања и подготовки.

## КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД 1, 2 И 3 ОДДЕЛЕНИЕ

ИЗВОРЧЕ - https://izvorcemk.wordpress.com/

Funtastic Mathematics - https://funtasticmathematics.wordpress.com/

Pinterest - https://www.pinterest.com/

Ресурси - http://resursi.literatura.mk/

Од нашата училница - http://odnasataucilnica.com/

You tube едукативни линкови - https://www.youtube.com/

Никулец - https://nikulecedu.com/

Education - https://www.education.com/

Live Work Sheets - https://www.liveworksheets.com/

Математика - https://matematika.mk/

ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ ВО ПРОДОЛЖЕН ПРЕСТОЈ
**Лилјана Крстевска**
**Петранка Дичоска**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ОД РАБОТАТА НА ПОДМЛАДОКОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

## ПРИ ООУ ”ЖИВКО БРАЈКОВСКИ” ЗА УЧЕБНАТА

## 2024/2025 ГОДИНА

**Скопје, јуни 2025година**

Друштвото на Подмладокот на Црвениот Крст има своја важност и задачи. И оваа учебна година нашето училиште се вклучи кон реализација на предложениот Интегрален оперативен план на Црвен крст на Република Северна Македонија преку канцеларијата на Општинска организација Чаир за учебната 2024/2025 година наменета за основните училишта.

Друштвото на ПЦК како здравствена и социјално - воспитна организација во ОУ треба да го придонесе следното:

- да го подигне нивото на здравствена култура и да ги оспособува младите да внимаваат, но и да го унапредуваат своето здравје и околина;
- да развиваат смисла за меѓусебна помош, солидарност, развивање мултикултурно пријателство и разбирање меѓу луѓето на национален и интернационален план, без оглед на национална и расна припадност, што треба да придонесе за зачувување на мирот во светот;
- да ги запознае учениците со задачите на Црвениот крст, за ублажување на последиците од вооружени воени судири и елементарни непогоди и да ги оспособува и тие да земат активно учество во реализацијата на такви акции и програми.

Во текот на првото полугодие, ООУ „Живко Брајковски“ во соработка со Општинската канцеларија на Црвен крст - Чаир се реализираа следните активности по хронолошки редослед.

## АКТИВНОСТИ НА ПЦК - ПРВО ПОЛУГОДИЕ
**Учебна 2024/2025 година**

| Активност | Време на реализација | Организатор | Целна група | Ефекти од активноста | Фотографија |
|---|---|---|---|---|---|
| **Формирање на тим од волонтери – ученици од нашето училиште за организирање и спроведување на активности од областа на хуманата мисија на Црвениот крст** | 15 септември 2024 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br>**Алексанра Николова Ивановски**<br>**Силвана Урџанис** | Ученици од одделенска и предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ | Запознавање со работата, визијата и мисијата на Црвениот крст и поттикнување на хуманоста и солидарноста кај најмладите уште од намлада возраст кон заедницата во која живееме и пошироко. |  |
| **Вклучување во Кампањата „Помислете и на нас“ по повод Недела на борба против гладта – 16 октомври** | 16 октомври 2024 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br>**Алексанра Николова Ивановски** | Ученици од одделенска и предметна настава,<br>наставниците и стручната служба при ООУ „Живко Брајковски„,<br>родителите | Во текот на месец октомври беше спроведена собирна акција во храна, пакување и дистибуција на 38 семејства од нашето училиште од ранлива категорија. Целта пред се беше да се подигне |   |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Силвана Урџанис** | од училиштето и граѓаните на населбата Бутел | општествената свесност за донирање на храна на оние на кои им е најпотребна. | |
| **Донација на стара спортска облека и обувки на ОО Црвен крст – Чаир** | 20 ноември 2024 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето и наставниците по Физичко и здравствено образоваание<br><br>**Алексанра Николова Ивановски**<br><br>**Весна Стојковска**<br><br>**Розалија Ангеловска**<br><br>**Ивана**<br><br>**Муриќ** | Корисници на Црвениот крст од социјална ранлива категорија | Во месец ноември на иницијатива на наствничките по ФЗО беше собрана сета заборавена спортска облека и обувки од учениците и донирана на Црвен крст онаму каде што е потребно. |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Учество на ПХВ проектот** | 7 февруари 2025 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Алексанра Николова Ивановски**<br><br>**Весна Стојковска**<br><br>**Назмије**<br><br>**Бела** | Ученици од предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ на македонски и албански наставен јазик | Формирање на две групи од 10 ученици на македонки и албански наставен јазик, за учество на ПХВ циклусот - Проект на Црвен крст кој има цел да ги обучат младите да помогнат на социјално ранливи категории и да се подигне општествената одговорност кај пошироката јавност.<br><br>Во рамки на проектот учениците имаа разни активности како собирни акции во храна, облека, парични средства |  |
| **Симулациска вежба – укажување на прва помош при изгореници на Изложбата на цртежи и доделување на награди по повод Конкурсот на** | 26 февруари 2025 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Алексанра Николова Ивановски**<br><br>**Весна** | Ученици од предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ кои се обучени да укажуваат прва помош | Минатогодишните учесници на натпреварот по прва помош земаа учество на Изложбата на цртежи и доделување на награди во организација на Противпожарниот сојуз на |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Противпожарен сојуз за заштита од пожри** | | **Стојковска** | | Македонија, каде имаа симулациска вежба – укажување на прва помош при изгореници. | |
| **Собирна акција во парични средства за настраданите во Кочани** | 25 – 28.03.2025 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето<br><br>**Алексанра Николова Ивановски**<br><br>**Весна Стојковска**<br><br>**Назмије**<br><br>**Бела** | Ученици од предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ на двата наствни јазика | На иницијатива на 6 ученички од 7 одделение, заедно во соработка со Црвениот крст во период од 25-28.03.2025 организираа собирна акција во парични средства за настраданите од Кочани.<br><br>Собраните средства во висина од 28 739 ден. беа уплатени на сметката на Фондот на солидарноста на Црвен крст. |  |
| **Учество на Општинскиот натпревар по прва помош** | 30 април 2025 | Одговорните наставници за ПЦК во училиштето | Ученици од предметна настава при ООУ „Живко Брајковски“ - 6 ученици од VI одд | Учество на Општинскиот натпревар по прва помош и освоено 6то место од вкупно 12 екипи. |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Алексанра Николова Ивановски**<br>**Весна Стојковска** | | |  |
| **Донација на стара спортска облека и обувки на ОО Црвен крст – Чаир** | 21 јуни 2025 | ООЦК Чаир и Одговорните наставници за ПЦК во училиштето и наставниците по Физичко и здравствено образоваание<br>**Алексанра Николова Ивановски**<br>**Весна Стојковска** | Корисници на Црвениот крст од социјална ранлива категорија | Во месец јуни на иницијатива на наствничките по ФЗО уште еднаш беше собрана сета заборавена спортска облека и обувки од учениците и донирана на Црвен крст онаму каде што е потребно. |  |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 21 јуни 2025 | **Розалија Ангеловска**<br><br>**Ивана**<br><br>**Муриќ** | | | **Одговорни наставници за ПЦК**<br><br>Александра Николова Ивановски<br><br>Весна Стојковска |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ"**

Часот беше посетен од Amy Kornbluth, Political Officer with the U.S. Mission to the OSCE (Офицер за политички прашања во Мисијата на САД во ОБСЕ) Stephanie Senger, Chief of the Policy and Programme Support Unit from the OSCE Mission to Skopje (Раководителка на отсекот за поддршка за политики и програми од Мисијата на ОБСЕ во Скопје) Fljorin Redjepi | Project Assistant Human Dimension OSCE – Mission to Skopje
Tandem teaching: Two teachers, different languages, and one shared understanding in every classroom. We're building bridges in schools across the country, connecting students through subjects like math, physical education, and art. This style of teaching is key to creating more inclusive learning environments—and, ultimately, more connected communities! This week we were honored to welcome the U.S. Mission to the OSCE to our intercultural classrooms! 🇲🇰🇺🇸

Предавање во тандем: Двајца наставници, различни јазици и едно заедничко разбирање во секоја училница. Градиме мостови во училиштата ширум државата, поврзувајќи ученици преку предмети како математика, физичко образование и ликовно. Овој стил на предавање е клучен за создавање поинклузивни средини за учење - и, на крај, поповрзани заедници! Чест ни е што оваа седмица бевме домаќини на Мисијата на САД во ОБСЕ во нашите меѓукултурни училници! 🇲🇰🇺🇸Mësimi në tandem: Dy mësues, gjuhë të ndryshme dhe një mirëkuptim i përbashkët në çdo klasë.

Часот го реализираа одделенските наставници Ана Николовска 3-1 и Фатиме Алии 3-4 одд.

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ПОСЕТА НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ШАР ПЛАНИНА-ТЕТОВО**

На ден 06.11.2024г. учениците од IV-3 и IV-1одд. со наставничките Флора Рамадани и Лилјана Стојановска од 11 до 13 часот го посетија Националниот парк на Шар Планина. Целта на посетата е да се подигне свеста кај децата за зачувување на планините, животните и ендемските растенија. Од денешната активност учениците научија дека треба да се чуваат, заштитуваат и промовираат убавините и вредностите на планинските, природни богатства, нејзината флора и фауна.











Учениците задоволни од посетата на националниот парк ветија дека за време на зимскиот и летниот одмор ќе се потрудат да учествуваат во некој облик на туризам –планинарење, организирано пешачење,излети, лов, и риболов,скијање, санкање како и да постетат бројни културно-историски споменици кои се наоѓаат на планината.

Задоволни и весели се вративме во училиште во 13 часот.

Одделенски наставници:
1.Лилјана Стојановска – IV-1 одд.
2. Флора Рамадани- IV-3 одд.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**За реализација на посета на Македонска опера и балет Скопје**

На ден 19.11.2024 година Активот на одделенска настава од ООУ ,,Живко Брајковски'' Скопје реализира посета на Македонска филхармонија опера и балет Скопје.

Посетата беше организирана со 370 ученици на македонски и албански наставен јазик од второ до петто одделение со организациони активности од 24 наставниците по одделенска настава и координација на одделенскиот наставник Ленче Неделковска.





По завршувањето на часовите во прва смена во 11.50 часот, во соработка со родителите и со организиран училишен градски превоз, се упативме кон МОБ. Оперската претстава започна во 13 часот, а заврши во 14 часот и 10 min. А оние паралелки кои се втора смена останаа уште 2 наставни часа откако се вратија од претставата.







На сцената на Националната опера и балет денес беше изведен модерен балет за деца во два чина,, Доктор Офболи,, според сказната на авторот Корнелие Чуковски.

Настапуваа солисти и балетскиот ансамбал на Националната опера и балет. Тие ја претставија содржината на балетската претстава,, Доктор Офболи,,.
Во првиот чин претставена е куќичката на брегот на морето, во зеленило на Доктор Офболи кој е доктор за животни и птици. Со него живее неговата лоша сестра Варвара,а соседи му се девојчето Тањаи момчето Вања. Болните животни секогаш тропаат на вратата на докторот, но лошата Варвара ги брка сите. Лошата Варвара е многу лута и го доведува немилосрдниот дресер Капитони кој ги фаќа животните во замка.Варвара му помага во тоа а Тања и Вања се обидуваат да ги спречат. Доктор Офболи е гневен на Капитони му го зема камшикот од раце , ги ослободува заробените кученца, а него го брка. На докторот му стига писмо дека во далечни тропски предели се разболеле мајмунчињата. Докторот заминува а со себе ги зема кучето Ава,мајмунот Чичи, лисицата, ластовичката, мачорот, петелот и мечокот а другите животни ги

остава на Варвара. Бидејќи не сака да ги понесе со себе Тања и Вања тие сами се скриле во кутиите со лекови.Докторот ги излечил мајмуните но во моментот ги нападнал децата во бродот Бармалеј со разбојниците. За да ги спаси докторот и тој бил заробен.

Во вториот чин преку шумата разбојниците ги носат запленетите Тања, Вања и докторот. Но тие биле следени од






кучето Ава, мајмунот Чичи и лисицата.Лисицата го посипува букетот со прашок за спиење кој на неа кришум и го дофрлил докторот. Разбојниците ги фрлаат заробениците во една пештера.И Барломеј започнува подготовка за готвење на вечера во која сака да бидат зготвени децата за јадење. Тука доаѓа лисицата со прашокот за спиење. Сите разбојници го помирисаа букетот и заспаа. Така полека сите побегнаа од занданата.

Барломеј одел по нив со неговите разбојници но успеаа да се спасат доктор Офболи со неговата придружба. Икога видел дома што се случува со останатите животни. Како се малтретирани од Варвара и Капитони, тој веднаш ги избркал од својата куќа.
Повторно се е весело и убаво. Животните и птиците го слават Офболи, Тања и Вања. Сите се фаќаат во заеднички танец на дружбата и пријателството!

Учениците имаа можност да уживаат во прекрасната приказна, музика и танц, со што ја збогатија музичката култура и стекнаа знаења за балет, сцена, сценографија, кореографија....

По завршувањето повторно со сопствен превоз се вративме во училиште каде што учениците си заминаа со своите родители. Целта од посетата беше постигната а учениците беа задоволни и восхитени од едукативно-забавната ска претстава. Се изјаснија дека со нетрпение ќе чекаат посета на други балетски и театарски претстави восхитени од едукативно-забавната претстава.

**19.11.2024 година**
Скопје

**Одговорни наставници**
Координатор:Ленче Неделковска

Актив на одделенска настава

**Одделенски наставник**
**Лилјана Стојановска- IV-1 одд.**

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕДНОДНЕВЕН ЕСЕНСКИ ИЗЛЕТ ВО ГАЗИ БАБА**

На ден 10.10.2024 год. беше организирана еднодневен есенски излет од рекреативен карактер во Гази Баба од страна на ООУ.,,Живко Брајковски,, Скопје, за сите ученици од I- IX одделение според планирањето на Годишната програма на училиштето..

Учениците по активи од одделенска и предметна настава од I до IX одделение заедно со одделенските наставници се упативме кон општина Бутел каде што со автобусите организирано тргнаа во 8.30 часот предметна настава а во 9 часот пак одделенска настава до Гази Баба.





До пристигнувањето учениците имаа можност да воочат разни сообраќајни средства,сообраќајни знаци.При искачувањето со автобусот го видоа Скопје и воочија висококатници, и др.помали објекти. По пристигнувањето учениците се дружеа, играа, се запознаа со временските појави и промени, како и промени на растителниот свет во есента и создаваа еколошки навики за однесување во природа.

Се грижеа за чистотата на природата со што отпадоците ги фрлаа во кеси на определено место .Играа друштвени игри и пешачеа по патеките на Гази Баба .

Постоеше меѓусебен другарски однос, меѓусебно почитување и дружење,
Како и меѓу одделенски натпревар во играње на фудбал и пинг понг. игри нељути се човече, и игри со карти.воочување на карактеристики на посетеното место.

По завршувањето повторно со сопствен превоз се вративме во училиште во 13.30 часот, каде што учениците си заминаа со своите родители.

Целта од еднодневниот излет беше постигната а учениците беа задоволни од доживеаното искуство на една таква екскурзија. Сите беа задоволни и среќни и со желба повторно да се дружиме на ваква екскурзија,

Присутни беа околу 100 ученици.

**Одделенски наставник**
**Лилјана Стојановска**

**Дата: 10.10.2024**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ „ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ”**

Во рамки на проектот „Градење нови мостови”(ГНМ), кој проект е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, четвртиот заеднички час по математика се оддржа на 25.10.2024 на шестиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 24 ученици од трето одделение од македонските и албанските одделенија. Наставната содржина беше Парни и непарни броеви.

Учениците работеа поделени во 4 групи. Во воведниот дел, на бел лист запишуваа трицифрен број. Потоа учениците кои имаа запишано парен број, станати, стоеа покрај своето столче, а учениците со непарен број седеа. Следно, учениците со парни броеви , покрај табла, се подредуваа по големина, од најмал до најголем парен број. Постапката ја повторија и учениците со непарните броеви.

Во главниот дел, во секоја група имаше поставено картички со трицифрени броеви. Учениците влечеа картичка, го запишуваа бројот во тетратка и истиот број го намалуваа и зголемуваа за 2. Потоа следеа задачи во кои учениците ги запишуваа парните и непарните броеви помеѓу две стотки.

На крајот следеше активност – онлајн игра на смарт табла. Секоја група селектираше парни и непарни броеви од 0-1000. Учениците ги постигнаа поставените цели.Часот го реализираа одделенските наставници Ана Николовска 3-1 и Фатиме Алии 3-4 одд.





# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Од одржаниот новогодишен од активите на одделенска настава**

Новогодишниот базар е одлична прилика да се создаде празнична атмофера во училиштето и да се споделат радостите на новогодишните празници со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето не е само место за учење, туку и за забава, дружење и создавање спомени кои ќе ги носиме со нас засекогаш.

Секоја година традиционално во нашето училиште ООУ ,,Живко Брајковски,,-Скопје, во општина Бутел се одржува новогодишен базар. На ден 26.12. 2024 год. со почеток од 12 до 13 часот во холот на нашето училиште се одржа прекрасен новогодишен базар од активите на одделенска настава од I – V одд. со ученици од македонски и албански наставен јазик а во рамките на програмата за соработка со родителите.





Голема благодарност до сите кои помогнаа да го организираме овој настан – директорката на училиштето, наставниците, учениците и родителите за нивното залагање, одвоено време, средства и љубов за сето ова да биде возможно. Имаше многу убави изработени новогодишни украси, честитки, солени пецива, пити, колачи, и други изработки кои беа наменети за продажба. За време на базарот се чувствуваше прекрасно предновогодишно расположение. Детски насмевки, среќа и ведрина го красеа настанот.

Нашето училиште беше облечено во новогодишно руво.
Собраните парични средства од хепенингот секое одделение ќе ги намени за потребите во наставата, ќе се искористат за подобрување на условите за работа и учење во нашето училиште.
Со почит до сите учесници од актив на одделенска настава.

Ви благодариме за учеството.

**26.11.2024 година**
Скопје

**Одговорни наставници**
Координатор:Ленче Неделковска
Flora Ramadani

## ИЗВЕШТАЈ

### За реализација на посета на Македонска опера и балет Скопје

На ден 26.09.2024 година Активот на одделенска настава од ООУ ,,Живко Брајковски'' Скопје реализира посета на Македонска филхармонија опера и балет Скопје. Посетата беше организирана со 201 ученици на македонски и албански наставен јазик од прво до петто одделение со организациони активности од 13 наставниците по одделенска настава и координација на одделенскиот наставник Ленче Неделковска. По завршувањето на часовите во прва смена во 10.00 часот, во соработка со родителите и со организиран училишен градски превоз, се упативме кон МОБ. Оперската претстава започна во 11 часот, а заврши во 12.45 часот.









На сцената на Националната опера и балет денес беше изведен современ балет во три слики,, Пепелашка,, од Сергеј Прокофјев.

Приказната за ,,Пепелашка,, во модерна верзија, преточена во прекрасната музика на големиот руски композитор Сергеј Прокофјев, а во кореографија на гостин од Србија. Костимографијата е на Катерина Галиќ од Хрватска, сценограф е Филип Коруновски, дизајн на звук- Драушник од Хрватска  и асистент кореограф Саша и Мојца од Словенија.

Настапуваа солисти и балетскиот ансамбал на Националната опера и балет. Тие ја претставија новата верзија на балетската претстава,, Пепелашка,,.Како во еден мал,но познат град, на главниот плоштад каде што се наоѓа споменикот,,Вила Срце'', се среќаваат пријатели, се заљубуваат момчиња во девојки, оџачарот прави пауза во својот распоред, а едно девојче по име Пепелашка во нежните дланки, носи куфер преполн со соништа. Чекајќи го својот татко, кој и има испратено писмо, се радува на средбата и одењето во заедничкиот топол дом, дом во кој никој не ја сака, но соништата не ја напуштаат. Со помош на мудрите

Вили и малку магија таа е спремна за бал на кој не е повикана. На балот е омилената и најубава девојка, во која сите момчиња се вљубени, таму е и тој вистинскиот- нејзиниот принц од соништата.

Правилото е дека сите добри девојки мораат пред полноќ да бидат во своите домови. Опиена од танц, смеа,од принцот и неговото друштво заборава на времето и точно на полноќ почнува лошиот сон.

Во вителот на танцот, отчукува полноќ, Пепелашка го губи својот принц, својот разум но и едниот чевел.

Принцот го наоѓа чевелот, но тој не го знае името на девојката, ниту каде таа живее. Објавува потрага во градот за девојката која го изгубила чевелот,со ветување дека ако ја пронајде девојката, ќе се ожени со неа и таа ќе стане принцеза.

Дали приказната имаше среќен крај, тоа тогаш не го знаеше ниту Вилата Срце, бидејќи сите девојки загубија по еден чевел, верувајќи во своите желби и соништа.

Сите живееја среќно до крајот на животот, но и подолго по оваа приказна.

Учениците имаа можност да уживаат во прекрасната приказна, музика и танц, со што ја збогатија музичката култура и стекнаа знаења за балет, сцена, сценографија, кореографија....

Целта од посетата на модерната балетска претстава во НОБ беше постигната а учениците беа задоволни од виденото. Се изјаснија дека со нетрпение ќе чекаат посета на други балетски претстави претстави.





По завршувањето на балетската претстава, учениците се вратија во училиште со организиран автобуски превоз, восхитени од едукативно-забавната претстава.

**26.09.2024 година** **Одговорни наставници**

Скопје Координатор:Ленче Неделковска

Актив на одделенска настава

На ден 19.12.2024година,активот на прво одделение одржа работилница на тема Нова Година.Учениците изработија разновидни новогодишни украси,со кои го украсивме училишниот хол и нашите училници.Учениците убаво се дружеа и забавуваа.







**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ERASMUS PLUS**
**21.10.2024**



На ден 21.10.2024 година, во рамки на програмата #ErasmusPlus, во нашето училиште беа организирани активности со учениците од четврто одделение. Наставничката Теута Бајрами Фера ги водеше учениците низ учење и практични задачи за подобро запознавање со училишните материјали како што се: молив, книга, бои, лепак и други.
Настанот беше одбележан со посета на наставници од основното училиште „Prežihovega Voranca“ од Марибор, Словенија. Гостите имаа можност да присуствуваат на заеднички часови, каде што се дискутираше за важноста на училишните материјали и како тие се користат во секојдневното учење.
Оваа активност беше поддржана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.
.





**Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик**
**Теута Бајрами Фера и Маја Ѓорѓевска**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ 18.12.2024**






На ден 18.12.2024 година, со учениците од трето одделение, беше реализирана креативна работилница каде што децата пишуваа писма до Дедо Мраз!
Во оваа активност, учениците ги изразија своите желби за Божиќ преку пишување писма, користејќи го англискиот јазик на забавен и едукативен начин. Некои од желбите на децата беа многу трогателни и полни со топлина.
Оваа активност не само што го поттикна нивниот креативен израз, туку и им овозможи да ја практикуваат англиската писмена комуникација, создавајќи празнична атмосфера исполнета со радост и веселба.

Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК - ПРОФЕСИИ
**01.11.2024**

На часот по англиски јазик, со учениците од трето одделение, реализиравме активност посветена на изучување на професиите.
Учениците учеа нови зборови поврзани со различни професии како што се: „песнопоец“, „учител“, „лекар“, итн.
Потоа, секој од учениците ја презентираше професијата што најмногу му се допаѓа, и снимавме кратко видео каде ја изразија својата креативност и љубопитност.
Оваа активност овозможи децата да ја зајакнат својата самодоверба, да ги прошират своите јазични вештини и да се забавуваат додека учат.

Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера.








**И З В Е Ш Т А Ј**
**За реализација на посета на Македонска Опера и балет Скопје**

На ден 26.09.2024 година Активот на одделенска настава од ООУ ,,Живко Брајковски'' Скопје реализира посета на Македонска опера и балет Скопје и при што учениците ја проследија најновата балетска претстава за деца ,,Пепелашка,,.

Посетата беше организирана со на македонски и албански наставен јазик од прво до петто одделение со организациони активности од наставниците од одделенска настава и координација на одделенскиот наставник .




Учениците, заедно со своите наставници, тргнаа во 10:00 часот пред училиште со организиран автобуски превоз.

Во просториите на Македонска опера и балет учениците се запознаа со приказната ,,Пепелашка,, од Сергеј Прокофјев. Учениците имаа можност да уживаат во прекрасната приказна, музика и танц,со што ја збогатија музичката култура и умешност. Од 5-2 одд присутни беа 11 ученици.

По завршувањето на концертот, учениците се вратија во училиште со организиран автобуски превоз, восхитени од посетената претстава.

26.09.2024 година
Скопје

Одговорни наставник
Мирфетка Јашароска 5-2 одд

ИЗВЕШТАЈ ОД ЕКО РАБОТИЛНИЦА НА 3-2 И 5-2
22.10.2024

Во рамките на Содржина V-4, Животни вештини: Подобрување, одржување и разубавување на околината, учениците од 3-2 и 5-2 успешно направија пренамена на пластични садови во саксии за садење растенија и ја разеленија училницата што ја делат овие две одделенија. Едукативно и со многу ентузијазам ја реализираа оваа активност. Ги очекуваме резултатите од посената пченица за неполн месец.







Одд. наставници:Мирфетка Јашароска 5-2 и Христина Атанасоска 3-2

**ИЗВЕШТАЈ**

Од реализирани активности на учениците од 3-1 и 3-2 по предметот Музичко образование.

Изучувавме за видот и карактерот на музиката а соодветно на тоа учениците со своите движења учеа да создаваат едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката. Учениците со интерес ја проследија наставната содржина. Умеат да пеат и со движења да креираат кореографија како поголема група.

1.10.2024







Одговорни наставници: Ана Николовска 3-1 и Христина Атанасоска 3-2

**ИЗВЕШТАЈ**

Од реализирани активности на учениците од 3-1 и 3-2 по предметот Природни науки. Изучувавме за скелет (скелет, човек, животно, коски, череп, ребра, `рбет, пршлени, рамо, коски на раката, лакт, зглоб, коски на прстите, коски на стапалото, глужд, потколеница, колено, бутна коска, колк). Учениците преку модел- Костур имаа можност да ги видат, допрат и да ги бројат коските во коскениот систем кај човекот. Беше презентиран и модел на череп.







Учениците со интерес ја проследија наставната содржина. Добија копирани делови на коскениот систем. Имаа задача со сечење и лепење да го состават скелетот на човекот. Успешно беше реализиран часот, за што потврдија и изработките на учениците.
19.9.2024

Одговорни наставници: Ана Николовска 3-1 и Христина Атанасоска 3-2

## ИЗВЕШТАЈ

Учениците од 3-1 и 3-2 беа во посета на Институтот по биологија каде учествуваа во работилница РАСТЕНИЈАТА КАКО ПРОЧИСТУВАЧИ НА ПОЧВА, ВОДА И ВОЗДУХ која се одржа во Ботаничката градина. Учениците имаа прилика преку експерименти да научат подетално за загадувањето и значењето на растенијата за ублажувањето на неговите ефекти. Оваа работилница беше дел од Мрежата за искуствено учење. Активно учество земаа 20 ученици предводени од своите одделенски наставнички.





Одделенски наставници: Ана Николовска и Христина Атанасоска

15.10.2024

**ИЗВЕШТАЈ**
**Од одржана работилница со партнерско училиште**
**ООУ„Александар Македонски“**




На ден 24.09.2024година, се одржаа активности во рамки на меѓуетничка интеграција во образованието. Учениците под менторство на наставниците ги одржаа активностите со ученици и наставници од партнерското училиште ООУ„Александар Македонски“.

Овие активности се одржуваат во рамки на програмата за доделување грантови од Министерството за образование и наука - МОН. Целата на активностите е унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во училиштата и надвор од нив.

Цел на активностите за развој на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција е да се постигне следното:

- Подобрување на меѓуличниот дијалог и разбирањето помеѓу различните етнички и културни групи во заедницата.
- Подигнување на свеста за значењето на мултикултурализмот и интеркултурализмот како средство за изградба на вклучително и хармонично општество.
- Подигнување на толеранцијата и прифаќањето на различноста како богатство на заедницата.

- Подобрување на способноста на луѓето од различни етнички групи да работат заедно и да се интегрираат во различни сегменти на заедницата, како што се образованието, работата и граѓанското општество.





- Промоција на мир, соработка и солидарност помеѓу групите и индивидуалците.

Во активностите учествуваа 22 ученици, подеднакво поделени според националност и пол. Групите беа мешани по пол, националност и во секоја група беа опфатени ученици од двете училишта.

Како прва активност, беше активноста: **Флексибилно групирање – групна сложувалка**. Целта на оваа активноста беше да се подобри комуникацијата, соработката и разбирањето меѓу учениците од различни етнички групи. Во оваа активност, учениците беа поделени во две групи. Во првата игра, учениците беа подредени еден позади друг, седнати на столчиња. На грб имаат залепено бел лист. На последниот ученик му се црта дрво ( учениците не знаат што имаат нацртано на листот). Секој ученик по осет, цртежот го црта на листот на ученикот пред себе. На другата група им беше нацртано смајли. Во оваа активноста, најбитна беше концетрацијата, да се развие свеста кај учениците за тоа колку е битна концентрацијата во било која активност.







На вториот дел од активноста на двете групи ученици им беше даден по еден маркер на кој се врзани 4 конци. Учениците држеј ќи и контролирај ќи ги конците имаа задача да нацртаат часовник и дланка, а потоа да ги напишат поимите двојазично. Во оваа активност целта беше да се развие тимска работа,

Во третиот дел на учениците им беа дадени постери од кои учениците имаа задача да откријат што повеќе предмети и да ги испишат двојазично.

Како втора активност, беше активноста **Јазичен портрет:** Во оваа активност учениците поделени во две групи имаа за задача да нацртаат дете  на хамер и да ги напишат двојазичноделовите од телото и од облеката.





Како трета активност, беше активноста **Заедничко градење вокабулар**, чија цел беше меѓу ученици од различни етнички групи е да се засилат вештините за комуникација, соработка и разбирање помеѓу различните културни и јазични групи. На едниот крај од училницата беше поставена пирамида од картички, а на другиот крај ги имаат истите картички, но измешани. Учениците имаа задача со едно кратко гледање да ги наместат разместените картички по истиот редослед како пирамидата.

Целта на оваа активност е тимската работа, соработка, комуникација, подобрување на комуникациските вештини, подобрување на концентрацијата.









**И З В Е С Т У В А Њ Е**

Од активот на одделенските наставници од Лилјана Стојановска која води IV-1 одд., Ленче Неделковска- IV-2 одд., Флора Рамадани-IV-3 одд, Флора Жерка-IV-4 одд., и Ајла IV-5 одд. од ООУ.,,Живко Брајковски,, Бутел Скопје.

Ве известуваме дека на ден 04.12.2024 год (среда) од 11 часот до 12.30 часот, ја посетивме управата за хидрометеоролошки работи. Со цел учениците да се запознаат со поимот и функцијата на УХМР, која што објавува хидролошки, метеоролошки, климатолошки и агрометеоролошки информации, дава анализа и прогноза на време.






Со посетата да стекнат знаење за метеорологија како наука која го проучува времето и дава временски прогнози, да се запознаат со метеоролог човек кој ги проучува временските услови. Да се запознаат со специјалните инструменти и апарати во метеоролошката станица или преку сателит,за следење на временските елементи и климатските промени.








Да ги сватат  поимите време и клима. Дали означуваат иста или различна појава.

Да се запознаат со поимот хидрологија и инструменти за  мерење за одликите на врнежите на временската скала, радар за својствата на облаците, стапка за проценка и откривање на дожд, град и снег како и воденото испарување.

Дата: 04.12.2024 год.                         Активот од IV-1, IV-2, IV-3,  IV-4 и IV-5 одд  Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ERASMUS PLUS
## 21.10.2024







На ден 21.10.2024 година, во рамки на програмата #ErasmusPlus, во нашето училиште беа организирани активности со учениците од четврто одделение. Наставничката Теута Бајрами Фера ги водеше учениците низ учење и практични задачи за подобро запознавање со училишните материјали како што се: молив, книга, бои, лепак и други.

Настанот беше одбележан со посета на наставници од основното училиште „Prežihovega Voranca“ од Марибор, Словенија. Гостите имаа можност да присуствуваат на заеднички часови, каде што се дискутираше за важноста на училишните материјали и како тие се користат во секојдневното учење.

Оваа активност беше поддржана од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

. **Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера и Маја Ѓорѓевска**

**ИЗВЕШТАЈ ОД ЕКО РАБОТИЛНИЦА НА 3-2 И 5-2**

22.10.2024

Во рамките на Содржина V-4, Животни вештини: Подобрување, одржување и разубавување на околината, учениците од 3-2 и 5-2 успешно направија пренамена на пластични садови во саксии за садење растенија и ја разеленија училницата што ја делат овие две одделенија. Едукативно и со многу ентузијазам ја реализираа оваа активност. Ги очекуваме резултатите од посената пченица за неполн месец.







Одд. наставници:Мирфетка Јашароска 5-2 и Христина Атанасоска 3-2

**ИЗВЕШТАЈ**

Од реализирани активности на учениците од 3-1 и 3-2 по предметот Музичко образование.
Изучувавме за видот и карактерот на музиката а соодветно на тоа учениците со своите движења учеа да создаваaат едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката. Учениците со интерес ја проследија наставната содржина. Умеат да пеат и со движења да креираат кореографија како поголема група.







1.10.2024
Одговорни наставници: Ана Николовска 3-1 и Христина Атанасоска 3-2

**ИЗВЕШТАЈ**

Од реализирани активности на учениците од 3-1 и 3-2 по предметот Природни науки. Изучувавме за скелет (скелет, човек, животно, коски, череп, ребра, `рбет, пршлени, рамо, коски на раката, лакт, зглоб, коски на прстите, коски на стапалото, глужд, потколеница, колено, бутна коска, колк). Учениците преку модел- Костур имаа можност да ги видат, допрат и да ги бројат коските во коскениот систем кај човекот. Беше презентиран и модел на череп. Учениците со интерес ја проследија наставната содржина. Добија копирани делови на коскениот систем. Имаа задача со сечење и лепење да го состават скелетот на човекот. Успешно беше реализиран часот, за што потврдија и изработките на учениците.

19.9.2024







Одговорни наставници: Ана Николовска 3-1 и Христина Атанасоска 3-2

ИЗВЕШТАЈ
МИО активност







Работилница: It's Christmas time

На ден 19.12.2024 се одржа заеднички час на учениците од 4-2 и 3-3.
Учениците изработија новогодишни куќарки.
Во текот на активноста, учениците си помагаа при сечење и лепење на куќичките. Другаруваа, се консултираа меѓу себе и се забавуваа слушајќи и пеејќи песнички за Нова година и Божиќ.

**Предметни наставници: Маја Ѓорѓевска и Теута Бајрами Фера**

**ИЗВЕШТАЈ**
**МИО активност**





Работилница: School supplies

На ден 21.10.2024 се одржа заеднички час на учениците од 4-1 и 4-4.
Учениците извлекуваа предмет од торба и го кажуваа зборот на предметот кој го извлекле, потоа ја повторуваа песничката која ја изучиле претходниот час School Supplies Song. Учениците играа игри преку кои се повторуваа зборовите.
Во парови пополнуваа работен лист и креираа ранец од дадена скица. Во текот на активноста, учениците си помагаа и соработуваа. Другаруваа, се консултираа меѓу себе и се забавуваа слушајќи и пеејќи ја песничката за училишни помагала.

Предметни наставници: Маја Ѓорѓевска и Теута Бајрами Фера

**Извештај за оржана МИО работилница**

На ден 25.10.2024 се одрза МИО работилница со IV/1 i IV/3 одд по предметот Природни науки. Учениците под менторство на нивните наставнички Лилјана Стојановска и Флора Рамадани, направија изработки користејќи многу видови материјали со различни техники. Изработени се континенти и океани, Земјина обвивка, компас, глобус, релиеф на Земјата. Активноста беше изведена пред ценетите гости, група наставнички од ОУ” Прежихов Воранц” од Марибор- Слобенија кои го посетија нашето училиште во рамките на Ерасмус плус проектот.







**И З В Е Ш Т А Ј**

**За реализација на заедничка Мултикултурна работилница**

На ден 27.09.2024 учениците од III-3 и V- 2 одд одржаа заедничка мултикултурна есенска работилница,, Есен,,
Работилницата беше организирана со ученици на македонски и албански наставен јазик од трето и четврто одделение.
Учениците, заедно со своите наставници изработуваа продукти од свежи листови ,од природата кои ги лепеа на балони.
Од заедничката работилница учениците меѓусебно се запознава, друже, соработуваа и почитуваа.
По завршувањето на работилницата, учениците беа восхитени од заедничката постигнатата цел.

**Одд наставници Скопје**
**Мирфетка Јашароска 5-2 - Блерина Сопа 3-3**
**27.09.2024 година**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**За реализација на заедничка Мултикултурна работилница**

На ден 16.10.2024 учениците од 2-5, 3-3, 3-4 и 5- 2 одд одржаа заедничка мултикултурна работилница по повод Светски ден на храната.

Работилницата беше организирана со ученици на македонски и албански наставен јазик од второ, трето и петто одделение.Учениците, најпрво беа запознати со значењето на 16 Октомври. Потоа учениците заедно пишуваа еколошки пораки за храната.Цртаа,боеја и лепеа зеленчук и овошја,а потоа ги пишуваа имињата на овошјето и зеленчукот на мајчин јазик.Учениците учеа зборови од своите другарчиња.

Од заедничката работилница учениците меѓусебно се запознава, друже, соработуваа и почитуваа.

По завршувањето на работилницата, учениците беа восхитени од заедничката постигнатата цел.16.10.2024 година



**ИЗВЕШТАЈ ЗА МИО РАБОТИЛНИЦА ПО ПОВОД НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ 19.12.2024**



На ден 19.12.2024 година, во рамки на часот по англиски јазик, беше одржана МИО работилница со учениците од трето и четврто одделение на тема: „Нова година“. Учениците, заедно со своите наставнички Маја Ѓорѓевска и Теута Бајрами Фера, изработија новогодишни куќарки, при што ја покажаа својата креативност и тимска работа. Работилницата помина во весела атмосфера, каде учениците уживаа во дружењето и забавата, зближувајќи се преку заедничките активности.
.

Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера и Маја Ѓорѓевска

**Заеднички час по математика – МИО час**

**РЕШАВАЊЕ ЗАДАЧИ СО МЕНТАЛНИ СТРАТЕГИИ СО ПОМОШ НА ТАРСИА СЛОЖУВАЛКА**





На 21.10.2024, се одржа заеднички МИО час по математика. Часот го одржаа наставничките Верче Петрова и Frisida Cocka Ajrulahu со ученици од 7одделение.

На часот беше искористена Тарсиа сложувалка – активност со која на забавен и интересен начин може да се повтори изучен наставен материјал или да се изучи нова наставна единица.

Учениците беа поделени во пет групи, со мешан етнички состав.

На првата група и беше дадена Тарсиа сложувалка за повторување на равенки со една непозната.
На втората група и беше дадена Тарсиа сложувалка за повторување на дропки со различни именители.





На третата група и беше дадена Тарсиа сложувалка за повторување на операции со децимални броеви.
На четвртата група и беше дадена Тарсиа сложувалка за повторување на збир на агли во многуаголник.
На петтата група и беше дадена Тарсиа сложувалка за повторување на операции со децимални броеви.

По завршување на сложувалката, секоја група ја доби играта Танграм. Танграм е Кинеска игра чија суштина се состои во составување на силуети на предмети, животни и луѓе од делови на квадрат кој е поделен на 7 делови. Секој дел претставува 2Д форма.

Соработката помеѓу учениците беше на високо ниво, учениците го повторуваа изучениот материјал на различен, несекојдневен начин. Улениците учеа и се забавуваа.
За време на часот присуствуваа и гостите-наставници од Марибор Natalija Carmona, Maja Vreca, Barbara Kokec и директорката Магдица Пеева.

Извештајот го изготви:
**Верче Петрова**

**ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ во рамки на проектот „Градење нови мостови”**



Во рамки на проектот на проектот „Градење нови мостови” на 22.10.2024 се одржаа вонnаставни активности со ученици од 6то до 9то одделение. Одговорни наставници на активностите: Верче Петрова, Александра Тумбевска и Дритон Мифтари.

Игрите започнаа на трет час и се одвиваа три часа. Игрите се одржаа во малиот дел од училишниот двор, позади училишната зграда. Секој час доаѓаа по два до три класови. Беа опфатени околу 140 ученици од македонските и од албанските паралелки, т.е. игрите беа со меѓуетнички карактер.

Се одржаа игри од едукативен, забавен, мисловен карактер. Игрите се со цел поттикнување на соработка, дружба, јакнење соживот, развивање свест за критичко размислување и вештини за решавање проблеми. Едукативните игри се фантастичен начин учењето да се направи привлечно, интересно, забавно. На овој начин се зајакнува знаењето за различни теми. Се развива критичкото размислување.

Учениците беа поделени во групи, штом ќе завршат една игра одаат на следната.

1. **Пирамида од картички-меморија**: На една клупа има поставено 15 картички во форма на пирамида, а на друга клупа поставена на поголемо растојание ги има истите картички но разместени. Учениците еден по еден одаат ја гледаат пирамидата и одаат местат што запамтиле, тоа трае се додека не ја наредат истата пирамида. Со оваа игра се развива фокусот, концентрацијата, а и развивање на чувството за работа во група.





2. **Расипан телефон со цртеж**: Играта е слична на играта Расипан телефон, само што во овој случај, не се пренесуваат усно зборови, се пренесува со цртање. Учениците седат во колона еден позади друг. На секој ученик на грб е залепен бел лист. На последниот ученик, наставникот црта цртеж, пример-куќа, ученикот треба да нацрта на ученикот пред себе тоа што го препознал и се така до последниот ученик. Се споредуваат пред сите ученици првиот и последниот цртеж, а се покажуваат и сите цтрежи.
   Целта е учениците да сватат колку е битна концентрацијата во секоја активност.







3. **Фати го стапчето – молња**: Со стапчиња, развивање рефлекс, реагирај брзо. Учениците се наредени во круг. Пред секој ученик има сташче околу метар долго. Учениците се на растојание околу еден метар. Секој ученик го држи стапчето пред себе, но лесно го држи, го допира од горе. На зборот „Сега” од наставникот, учениците ги пуштаат стапчињата и треба да го фатат сташчето од ученикот до себе, без да падни стапчето. На ученикот на кој ќе му падне стапчето излегува од игра.




Оваа игра има за цел развивање на рефлекс кај учениците, чувство за работа во тим.

4. **Икс нула:** На под е нацртан квадрат 3х3. Учениците се поделени во две групи и секоја група има по три





с

товремено по еден ученик од двете групи поставува едно пиунче во еден квадрат. Играта трае се додека една група не направи линија од три свои пиунчиња.
Игра која поттикнува соработка, брзина, рефлекс, стратешко размислување, се поттикнува натпреварувачки дух, тимска активност, соживот.





**Помести стапче - направи 2Д форма:** Интерактивна, едукативна игра, игра со логика, игра која нуди развивање на концентрација, фокус. Интерактивна игри фокусирана на логика, аритметика и загатки. На учениците им се задава 2Д форма направена од стапчиња. Од таа форма со две или понекогаш и три поместувања треба да направат друга 2Д форма. Со оваа игра се развива и духот за тимска работа, соживот.

Овие игри се пријатни и едукативни, обезбедувајќи забавен, интерактивен начин за учење нови концепти, а истовремено поттикнувајќи важни вештини. Игра која учи просторно расудување, поттикнува имагинација.

5. **Тимско цртање - Цртање со маркер:** На еден маркер се врзани 5 јажиња со иста должина. Во играта учествуваат пет ученици. Секој ученик држи еден конец итоа на крајот од конецот. Сите ученици заедно треба да нацртаат еден цртеж, пример пролет. Стратешка игра, игра која поттикнува тимска работа и социјално учење, соживот.

6. **Хулахоп:** Учениците се наредени во круг и фатени за раце. Измеѓу двајца ученици на фатените раце има хулахоп. Низ хулахопот треба да се протнат сите ученици без да се испуштат фатените раце.
Оваа игра е игра со забавен и тимски карактер.







Извештајот го изготви: **Верче Петрова**

## Трибина
## „Заштина на охридската пастрмка и белвица во охридското езеро”







Во рамки на проектот ProBlue, дел од тимот од истиот проект и 10 ученици имавме можност да присуствуваме на трибина „Заштита на охридската пастрмка и белвица во охридското езеро„ на 26.12.2024 во Музеј на Македонската борба. Трибината ја организираше средното училиште АСУЦ „Боро Петрушевски” од Скопје.

На трибината присуствуваа стручни лица за делот на заштита на охридската пастрмка и белвица од невладини организации и од министерството за животна средина на Република Северна Македонија.

Учениците имаа можност да се запознаат што се е потребно да се направи за да се соочува охридската пастрмка и белвица, што треба да се преземи за да се сочува охридското езеро.

Извештајот го изготви: Верче Петрова

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДИМЕ МОСТОВИ” 16.09.2024



Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), кој проект е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави.

Првиот заеднички час се оддржа на 16.09.2024 на 6-тиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските одделенија.

Часот го започнавме со активност, игра предводена од страна на наставниците одговорни за воннаставните активности. Учениците застанаа на една страна од училницата и имаа за задача да комуницираат меѓусебно и да се подредат според нивната висина. Потоа секој ученик се претстави и си го кажа своето име.

Во следната активност учениците добија работен лист “All about me” за кој добија одредено време да го потполнат. Во самиот работен лист пишуваа податоци за себе како: име, колку години имаат, омилено животно, колку браќа или сестри имаат, омилена игра, омилена боја и слично. На работниот лист имаа и одредено место каде треба да се нацртаат себеси.



Откако завршија со листовите наставничката ги собра сите изработки, ги измешаа и ги поделија на различни ученици. Потоа секој ученик презентираше одреден лист и се обидуваше да погоди за кој ученик станува збор.На крајот од часот учениците кажуваа што запомниле за своите нови другарчиња. Целта на работилницата беше учениците меѓусебно да се запознаат преку интересни забавни активности. Со дружба, насмевки и соработка учениците го завршија овој час. **Часот го реализираа наставниците по англиски јазик Александра Тумбевска и Ганимете Ламаљари.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ”**
**30.09.2024**



Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), кој проект е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, вториот заеднички час се оддржа на 30.09.2024 на 7-миот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските одделенија. На овој час учениците ќе се запознаат со членовите од семејството – “ Family Members”.

На почетокот на часот на таблата е напишан зборот family, а учениците имаа задача во тетратка да напишат три збора кои ги асоцитраат, ги потсеќаат секогаш кога ќе се сретнат со овој збор. Неколку ученици, кандидати ги презентираат зборовите.

На таблата наставничката ги нацрта како stick man членовите од семејството, а учениците се обидуваа да погодат за кој член станува збор. Потоа под секој цртеж ги лепеа флеш картите од тој член. Дискутираа и ги објаснуваа членовите од семејството. Ги именуваат членовите од поблиското и поширокото семејство на македоснки, албански и англиски јазик. Се обидуваа да ги објаснат врските на членовите во семејството.

Во следната активност учениците добија работен лист од кој имаа за задача да прочитаат одреден краток текст на кој е опишан одреден член од семејството и да го поврзат со соодветната слика. Потоа учениците ги читаат текстовите и кажуваат со која слика ги поврзале. Дискутираат и ги разменуваат своите мислења за членовите од семејството.







Како завршна активност учениците изработија работен лист на кој ги поврзуваа дефинициите преку кои се опишани членовите од семејството со точниот член. Неколку ученици ги презентираа одговорите и дискутираа за истите.

**Работилницата ја реализираа наставниците по англиски јазик Александра Тумбевска и Ганимете Ламаљари.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ” 24.12.2024



Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), проект кој е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, седниот заеднички час се оддржа на 24.12.2024 на 5-тиот и 6-тиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските одделенија. На овој час учениците ќе се изработуваа разни новогодишни изработки– “ Christmas activities”.

Часот наставничката го започнува часот со warm up activity во која ги поттикнува учениците да кажат кои празници се наближуваат, што најчесто прават за време на празниците, кои им се омилените активности, дикcутираат и ги споделуваат своите мислења и искуства.





Наставничките им даваат насоки што треба да изработат. Се договараат сите заедно, разменуваат идеи и почнуваат со работа. Наставничките им се придружија на учениците додека ги изработуваа своите изработки. Изработиваат новогодишни елки, ирваси, честитики и слично. Додека изработуваат во духот на празниците кои следуваат слушаат новогодишни и Божиќни песни.

На крајот од работилницата учениците меѓусебно си ги разменија, подарија изработките кои ги направија.

**Работилницата ја реализираа наставничките по англиски јазик Александра Тумбевска и Иман Исени.**

## Извештај од работилницата за изработка на новогодишни картички за крајот на учебната година





По повод крајот на првото полугодие, Новогодишните и Божиќните празници, учениците од 9 одделение изработија картички за наставниците на 26.12.2024 година. Со ирабoтката на овие картички учениците им посакаа на своите наставници среќни празници, убав зимски распуст и им се заблагодарија за успешно завршено прво полугодие од учебната година.

На почетокот од работилницата учениците истражуваа и се договараа што да изработат, какви да бидат и како да изгледаат картичките. Се договараа за дизајнот и формата. Потоа ја поделија работата и се договорија кој ученик да изработи за кој наставник картичка. Учениците додека ги изработуваа картичките се забавуваа, дискутираа, соработуваа.

Откако картичките беа изработени се договорија да ги поделат картичките на наставниците.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ”**
**14.10.2024**







Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), кој проект е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, третиот заеднички час се оддржа на 14.10.2024 на 6-тиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските

одделенија. На овој час учениците ќе се запознаат со “Comparative and superlative”.

Часот започна со warm up activity, активност за загревање во која учениците ги опишуваа четирите годишни времиња. Учениците го искажуваат своето мислење, кажуваат зошто им се допаѓа/ не им се допаѓа одреденото годишно време, прават споредба, го опишуваат и слично. Наставникот ги следи нивните одговори и ги поттикнува да користат  повеќе придавки.

Потоа наставникот на учениците им презентира Power Point презентација. Дискутираат за тоа што се тоа придавки и кажуваат примери. Учениците се делат во групи и секоја група треба да напише што е можно повеќе придавки. Неколку ученици кандидати ги споделуваат своите одговори. Наставникот ги запознава учениците со Comparative на придавките, дискутираат заедно, кажуваат примери. Учениците на листовите ги претвараат напишаните придавки во comparative. Ученици кандидати ги споделуваат своите одговори.

Продолжуваат со Power point презентацијата со Superlative формата. Настаникот објаснува, заедно со учениците дискутираат споделуваат примери. Повторно на дадените листови пишуваат придавки во Superlative.

На крајот од часот учениците играат неколку интерактивни игри преку кои проверуваат и покажуваат своите знаења.

**Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик Александра Тумбевска.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ” 28.10.2024**



Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), кој проект е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, четвртиот заеднички час се одржа на 28.10.2024 на 6-тиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските одделенија. На овој час учениците ќе се запознаат со опишување на луѓе и места – “Describing People and places ”.

На почетокот на часот неколку ученици го опишуваат својот најдобар другар или својот брат/ сестра. Наставникот ги поттикнува да користат што повеќе придавки со кои го опишуваат физичкиот изглед а исто така да ги опишат и нивните карактеристики. Потоа наставникот ги насочува да кажат придавки кои би ги употребиле кога ќе се сетат на некоја позната личност. Учениците го искажуваат своето мислење.

Со помош на Smart- Таблата наставникот им покажува слики на учениците од разни луѓе. Учениците ги опишуваат нивниот физички изглед. Со поттик на наставникот користат придавки. Наставникот им сугерира некои придавки потоа дискутираат дали истите одговараат или пак не. Потоа според сликата се обидуваат да ги претстават и нивните карактеристики.







Наставникот на табла го запишува зборот place. Учениците кажуваат придавки кои ги асоцираат на овој збор. Потоа на Smart- таблата им покажува слики и од разни места. Ги воведува да ги опишуваат користејќи разни придавки. Учениците ги опишуваат сликите/ местат според големина, локација, изглед и сл.

Работилницата ја реализира наставничката по англиски јазик Александра Тумбевска.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ”**
**12.11.2024**



Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), проект кој е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, петтиот заеднички час се оддржа на 12.11.2024 на 7-тиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските одделенија. На овој час учениците ќе се запознаат со минато просто време – “ Past Simple Tense”.

Наставникот ги прашува учениците што правеле, како го поминале времето вчера, па потоа и минатиот викенд. Неколку ученици кандидати опишуваа кои активности ги имале и што правеле. На таблата наставникот црта една временска линија на која заедно со учениците пишуваат одредени периоди (минато, сегашно и идно време). Почнуваат дискусија и дебатираат за секој приод. Наставникот ги насочува кон минато време, кое на овој час знаедно ќе го обработуваат.

Со помош на Smart- Таблата и Power point презентација наставникот го презентира на учениците минато просто време. Дискутираат за кои дејствија, работи се користи. Ги обработуваат потврдната, негативната и прашалната форма на речениците. Наставникот ги објаснува а учениците кажуваат свои примери. Опишуваат случи од минатот користејќи го Past Simple Tense.





На крајот од часот учениците решаваат интерактивни вежби на Smart- Таблата користејќи го Past Simple Tense.

Работилницата ја реализираа наставничките по англиски јазик Александра Тумбевска и Иман Исени.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАЕДНИЧКИ ЧАСОВИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ “ГРАДЕЊЕ НОВИ МОСТОВИ” 28.11.2024**



Во рамки на проектот “Градење нови мостови”(ГНМ), проект кој е поддржан од ОБСЕ во Северна Македонија и од Кралството Норвешка, Република Полска, Големото Војводство Луксембург и Соединетите Американски Држави, шестиот заеднички час се оддржа на 28.11.2024 на 7-тиот училишен час. Во него учествуваа вкупно 20 ученици од седмо одделение од македонските и албанските одделенија. На овој час учениците ќе се запознаат со чувства и емоции – “ Feelings and emotions”.

Часот наставничката го започнува часот со warm up activity во која ги поттикнува учениците да споделат кога тие се почувствувале среќни, тажни, лути. Учениците ги споделуваат своите ситуации.









На таблата има слика со различни емоции, дискутираат за истите и ги објаснуваат. Потоа на стапче се закачени слики со различни емоции, ученици кандидати извлекуваат различна емоција ги глумат и кажуваат ситуација со соодветната емоција и кажуваат ситуација кога така се почувствувале. Секој ученик добива балон и на него ја црта соответната емоција, чувство според сликата поставена на табла. Учениците презентираат која емоција ја имаат нацртано.

Учениците се делат во групи. Секоја група добива лист на кој е нацртана различна емоција. Нивната задача е да напишат која е таа емоција и ситуација кога така се почувствувале. Претставник од групата презентира.

На крајот од часот секој ученик кажува која е негова омилена емоција и ја одглумува.

Работилницата ја реализираа наставничките по англиски јазик Александра Тумбевска и Иман

Извештај за одржана работилница на 30.10.2024

На 30.10.2024 во 9-1 одделение беше одржана работилница на тема „Препознавање на булинг – насилство” од страна на специјалниот едукатор и рехабилитатор Бернанда Мустафоска, наставничките Верче Петрова и Александра Тумбевска.

Во првата активност учениците на лист запишуваа што според нив преставува булинг, насилство, кои се видови на булинг знаат. Потоа неколку ученици ги презентираа своите одговори. Заедно се дискутираа и објаснуваа истите. Сите ученици кажа различни одговори, свое видување, за тоа што е булинг, сите имаа разни ситуации кои за нив претставуваат булинг. Беше објаснето што се претставува булинг, насилство.

Во втората активност учениците имаа за задача да запишат погрдни зборови кои ги слушнале, што ги употребиле кон некого или пак на нив им биле кажани. Откако ги запишаа, потоа секој ученик толку пати требаше да го свитка, згмечи листот колку што имаа запишано зборови. Потоа се обидуваа да го исправат листот, но листот не можеа да го вратат во првобитната положба. Учениците развија дискусија и заклучија дека погрдните, навредливи зборови не повредуваат сите и оставаат траги, не можат да се избришат и треба секогаш да се извиниме, да се обратиме на возрасен доколку ме сведоци на булинг или нас ни се врши булинг.

Извештајот го изработиле:

Бернанда Мустафоска
Верче Петрова
Александра Тумбевска.

**Извештај за одржана работилница на 27.12.2024**

На 27.12.2024 во 9-1 одделение беше оддржана работилница со тема „ Јас Обраќање” од страна на наставничките Верче Петрова и Александра Тумбевска.

Во воведната активност учениците се поделија во парови и треба да дискутираат на одредена тема, во овој случај наставничките им предоложија да дискутираат на тема што би сакале да прават учениците за време на зимскиот распуст. Додека дискутираат и разменуваат идеи учениците не треба да ги употребуваат зборовите : јас, мене, мое, ми. Кога некој ученик ќе ги употреби овие зборови седнува на страна и неговиот партнер бара друг партнер за дискусија. Активноста трае се додека не останат само уште неколку ученици.

Во следната активност учениците се делат во неколку групи. Секоја група добива работен лист на кој има





напишано три различни ситуации а нивната задача е да напишат како би реагирале и што би рекле во дадената ситуација. Додека учениците работат наставниците ја надгледуваат нивната работа. Потоа секоја група ги презентира своите одговори. Дискутираат за истите сите заедно, објаснуваат зошто така би реагирале и така би одговориле. Учениците ги искажуваат своите мислења.

Извештајот го изработија:

Верче Петрова - Александра Тумбевска.

**Извештај за втора работилница „Како гледаме на конфликтите”**
**во рамки на проектот „Градиме доверба“**





На ден 08.10.2024 во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје, имавме чест, како гости на работилница во нашето училиште ООУ„Живко Брајковски“ да присуствуваат:
Gianluigi Lopez, GCERF Regional Manager
Wanja Manarin, GCERF M&E Specialist – Standardization and Performance
Vesa Klemendi, GCERF Regional representative, како и претставник од US амбасада.

Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Во првиот дел во траење од 10min на учениците им се дава да размислат и да дадат свои синоними кои се поврзуваат со терминот конфликт и истите се запишуваат на табла.

Во вториот дел во траење од 45 min, поимите запишани на табла се поврзуваат со ситуации од секојдневието, како: кавга помеѓу двајца соученици, врсници во училишниот двор. Се разговара, се води дискусија за ситуациите, а потоа учениците поделени во групи глумат непријатни ситуации што ги доживеале или некој им ги кажал.

Во третиот дел на учениците им се делат слики со двојна перцепција т.е. слики со оптичка илузија. Секој ученик презентира што видел на сликата, но и останатите ученици кажуваат ако виделе друго нешто. Целта на оваа активност, да се потенцира различното гледиште за една иста работа, да не се прават претпоставки, да се проверат работите.

**Извештај за одржана работилница во рамки на проектот „Градиме доверба“ ООУ „Живко Брајковски” – Бутел**




Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје**“**, „Македонското здружение на млади правници**“**, на 07.10.2024 се реализираше првата работилница. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Работилницата ја започнавме во 12:15 часот и ја завршивме во 13:45 часот Оваа работилница ја започнавме со играта под наслов „Помнење имиња и хоби”. Целта на воведната работилница е запознавање на учениците меѓу себе, а исто така и вежбање на концентрација.

Потоа следеше „**Нацртај свој симбол**”: Во оваа работилница учениците имаа можност да ја искажат својата креативност, да умеат да работат во група, да прифаќаат туѓи идеи и мислења. Целта на оваа вежба беше: Јакнење на групна кохезија и формирање групен идентитет. Накрај го презентираа нацртаниот симбол.

Следеше вежбата „**Кавга**”. Им се задава задача на учениците да размислат за непријатни ситуации во кои се скарале со некоја личност( другар, другарка, родител, брат, сестра...). На почеток пишува секој сам. Потоа се делат во групи. Во група одлучуваат која случка ќе ја одглумат. После секоја глума следеше дискусија.

Целта на оваа вежба беше анализа на ситуации кои ни се случиле, согледување на работите од друга страна, вовед во ненасилно решавање конфликти, барање алтернатива.

Учениците со насмевки на лицата ги искажуваа своите придобивки.

Извештајот го изготви: **Верче Петрова**

**Извештај за одржана работилница во рамки на проектот „Градиме доверба“ 11.09.2024 – ООУ „Живко Брајковски” – Бутел**



Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје“, „Македонското здружение на млади правници“, се реализираше работилница на тема „Јас обраќање„. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Работилницата ја започнавме во 12:00 часот и ја завршивме во 13:15 часот Учениците се делат во парови и дискутираат на однапред зададена тема: работи кои сакам да ги правам за време на летниот одмор, зошто верувам во демократија, најважната личност во мојот живот... Притоа не смеат во дискусијата да ги употребуваат зборовите: јас, мене, мое, ми. Се дискутираше од битноста на ваков тип активности. Целта на оваа активност е развивање на концентрацијата, битноста од конценрацијата во секоја активност, игра...

Во главниот дел, учениците се делат во парови и секој пар го добива работниот лист за учениците “ Јас обраќање”. Откако ќе ја сработат зададената задача, секој пар презентира пред присутните и се води дискусија, дали се согласуваат или имаат различно мислење. Целта на оваа активност е да се потенцира, секогаш да се проба да се решаваат проблемите со разговор и барање помош од повзрасен и покомпетентен.

Како завршна активност следеше игра од тип „Ден и ноќ". Ваквиот тип игри се многу битни од повеќе аспекти: развивање смисла за игра, дружба, толеранција, едукација...

Денешната работилница ја завршивме со делење на оброци на учесниците во која добија 10 минутна пауза за закуска.

Работилницата ја одржаа: Верче Петрова, Александра Тумбевска, Бернанда Мустафоска и професорката Митра Блажевска – професор по македонски јазик во СУГС – Раде Јовчевски Корчагин.

Извештајот го изготви**: Верче Петрова**

**Извештај за одржана работилница во рамки на проектот**
**„Градиме доверба“**
**17.09.2024 – ООУ „Живко Брајковски” – Бутел**

Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје“, „Македонското здружение на млади правници“, се реализираше работилница на тема „Медиумска писменост„. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Работилницата ја започнавме во 12:00 часот и ја завршивме во 13:15 часот Учениците се делат во парови и дискутираат на однапред зададена тема: Медиуми и медиумска писменост. Се спроведе кратка дискусија за медиумите и нивната важност во животот на луѓето. Какво влијание имаат врз развивање на свеста за соживот или шират говор на омраза? Секој ученик имаше задача да презентира за еден медиум, што сам го избрал.





Во главниот дел, на учениците поделени во групи им се делат пишани медиуми. Едната група имаше задача да изготви медиум на тема Образование, а другата забава.







По изработката следеше презентација на истите.
Целта на оваа активност е да се разбере што се медиуми и која нивната важност.
Денешната работилница ја завршивме со делење на оброци на учесниците во која добија 10 минутна пауза за закуска.

Работилницата ја одржаа: Верче Петрова, Александра Тумбевска, Бернанда Мустафоска.

Извештајот го изготви**: Верче Петрова**

**И З В Е Ш Т А Ј**

На 03.04.2023 година училишниот психолог реализира работилница во VII-1 одделение. Во одделението се јави потреба да се работи на меѓусебните односи и комуникација.
Учениците прво добија за задача на бел лист да го напишаат своето мислење за одделението, што најчесто се јавува како проблем, што најмногу им смета во одделението, зошто несакат да дојдат во училиште и кога си заминуваат со какви импресии од училиште се враќаат дома. Тоа ќе биде нивно лично видување за состојбата во одделнието и никој нема да го осудува. Опишувањето на состојбата во одделението е анонимна, никој не го потпишува листот.
Кога завршија со пишување сите ги оставија листовите на едно место, а потоа психологот по случаен избор читаше на глас што пишувале учениците. Повеќето од учениците напишале дека состојбата на дружење, помагање, слога и мњѓусебно почитување не е на завидно ниво. Има ученици кои постојано прават шеги кои или се невкусни или со физички контакт. За време на часовите имало исмејување ако се даде погрешен одговор исто така постоело исмејување за физичкиот изглед на соучениците.
За да подобро се разбереме дека сите сме различни, некои се подобри во некои активности, а други во други активности психологот на учениците им подели тест на „Репрезентативни системи“(сетилата преку кои го искусуваме светот). Тестот го пополнуваа индивидуално секој за себе, а пота заеднички со психологот секој доаѓаше до скорот кој го одреуваше во кој систем припаѓа. Ние како личности во однос на нашето однесување припаѓаме на еден од 4-те репрезентативни системи (визуелен,аудитивен,кинестетички и дигитален) и затоа манифестираме различно однесување. Кога секој си го пронајде репрезентативниот систем, а психологот ги објасни начините како тие функционираат , учениците станаа свесни дека иако се во иста ситација сите различно ја доживуваат и различно реагираат на истата.За крај да ја разбереме целта на оваа работилница, а тоа е дека сме различни а сите сакаме исти работи, психолот зададе уште една активност за да дознаеме лични работи едни за други.Учениците се распоредија да работат во парови со влечење на име кои претходно ги напишавме на ливчиње и ги измешавме. Учениците меѓусебе треба да си раскажат за потеклото на нивното име, како го добиле, кој им го дал и на крај да бидат искрени да кажат дали си го сакаат или не. На тој начин беа поблиску до личноста што седи спроти нив.
**Психолог-Андријана Јовановска**

**И З В Е Ш Т А Ј**

од реализирана работилница

На 26.12.2024 година во VII-1 одд. училишниот психолог реализира работилница со учениците.Од претходните разговори со учениците се дозна дека тие меѓусебе имаат нарушени односи. Повеќето од учениците имаат меѓусебни недоразбирања, се исмејуваат и едни со други се негираат. На работилницата беа присутни 19 ученици.

На работилницата со наслов „Како да се реши конфликт“, учениците беа поделени во три групи (триаголник,круг,коцка). Секој ученик си влечеше симбол и учениците со исти симболи формираа група. Секоја група добиваше напишана ситуација каде од нив се бараше да ја одглумат ситуацијата според упатствата на листот и да понудат можни решенија.На ливчињата кои им беа поделни на групите имаше проблематични ситуации со кои учениците секојдневно се среќаваат како недоразбирања, расправии за време на час,нарушени меѓусебни односи и сл.

Откако групите ги одглумија ситуациите и напишаа кратки коментари, гласно дискутиравме за сите поединечно, ги откривме причините кои не‘ водат до конфликти и разгледавме начини на кои можат да се решат конфликтите.

По реализираната работилница кај учениците се подигна свеста за проблемите во меѓусебната комуникација и нејзиното значање во секојдневниот живот, а се постави и прашањето за поедниците кои го набљудуваат конфликтот,а не превземаат ништо. Ја согледаа разликата меѓу мирно и насилно решавање на конфликти и дека понекогаш и тие самите учествуваат во предизвикување на конфликти без да бидат свесни за тоа.

Психолог: Андријана Јовановска

## НАСТАВА ВО ПРИРОДА -5 ОДД

Од 06.05 до 09.05.2025год. беше изведена настава во природа за учениците од петто одделение.На наставата во природа присуствуваа 56 ученици кои посетуваат настава на албански јазик и 23 ученици кои посетуваат настава на македонски јазик.
Учениците беа сместени во хотелот ,,Охридати,, во центарот на Охрид.
Првиот ден учениците ја посетија Шарена џамија ,Вевчани и Вевчанските извори.Учениците го поминаа денот учејќи и уживајќи во поинакво и инспиративно опкружување Во попладневните часови ги споделуваа своите впечатоци преку писмен извештај и илустрација .Вечерта беше забавна за учениците со настанот ,,Мис и Мистер,,







Вториот ден по утринската гимнастика учениците го посетија градот Охрид,се прошетаа низ чаршијата, ја посетија куќата на Робевци,музеј на изработка на најстар начин на изработка на хартија,Црквата Св.Софија,Самоиловата тврдина,Античкиот театар,Плаошник.Учениците собираа податоци,фотографираа.Попладневните часови се рекреираа пешачејќи по пристаништето и брегот на Охридското Езеро .Денот го завршија со пижама журка полна со забава ,музика и радост.









Третиот ден беа посетени Билјанини извори,Хидробиолошкиот завод,праисториската наколна населба во Заливот на коските каде имаа презентација од страна на кустос,на крај беше посетен Манастирот Св.Наум Охридски. Учениците собираа податоци,фотографираа. Попладневните часови пишуваа извештај за посетеното и ги искажуваа нивните впечатоци.Вечерта повторно не обедини во една забавна активност -маскенбал каде заедно со учениците уживавме неизмерно.









Четвртиот ден по појадокот го напуштивме хотелот и се упативме кон градот Струга каде што учениците имаа можност да го разгледаат градот ,изворот и течението на реката Црни Дрим,Мостот на Струшките вечери на поезијата и музејот ,,Др.Никола Незлобински,,(биолошко,археолошко,етнолошко ,историско одделение).Напладне патувањето го продолживме кон Скопје преку Стража каде учениците имаа можност да се одморат.Во Скопје пристигнавме во попладневните часови.







Одд.наставници-5-1 Роза Нешова
5-2 Мирфетка Јашароска
5-3 Мазес Шахини
5-4 Фатиме Мифтари
5-5 Шпетиме Алији

## ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕН НА ЕВРОПА





Во Градскиот парк во Скопје на ден 10.05.2025, по повод Денот на Европа, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност организираше уникатен настан посветен на децата. Под мотото „Европа низ детските очи“, во Македонија се славеше мирот, единството и културната разноликост на начин прилагоден за најмладите. Група ученици под менторство на наставничките Верче Петрова и Хава Сарачини имаа можност да бидат дел од тој прекрасен настан. Учениците учествуваа и на квиз, каде успешно го претстави ја нашето училиште.

**ДВОДНЕВНА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА**

**СО ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ**



Во периодот од 06-07.05.2024 се одржа дводневна наставно-научна екскурзија со учениците од VI-1, VI-2, VI-3, VI-4 и VI-5 одделение со меѓуетнички карактер. Екскурзијата се реализираше низ источна Македонија со 58 ученици и 5 наставници.

**Одговорни наставници:**

1. **Елена Апостолова**
2. **Билјана Петрова**
3. **Ерхан Мурсели**
4. **Муједин Исени**
5. **Муамер Абдулаи**

**Цел на екскурзијата:**

- Проширување и продлабочување на знаењата стекнати во текот на досегашниот деветгодишен образовен процес, преку посета на историски споменици, природни убавини, музеи, реткости.
- Негување на мултетничката толеранција, соживот, соработка.

Организацијата и реализацијата беше изведена од страна на агенцијата Т.А. „Балкан Фан". За реализација на истата беа испочитувани сите законски норми, што значи беше обезбеден водич и здравствено лице – доктор за цело време од екскурзијата кои што доследно си ја извршија својата задача.

Превозот беше со високо туристички автобуси.

Покривањето на трошоците за екскурзијата беше направено пред тргнување од страна на родителите во износ од 2990,00 ден.

Првиот ден од екскурзијата започна со посета на еден од настарите градови во Македонија, Кратово. Во Кратово го посетивме музејот – во кој можевме да го видиме културно-историското наследство на тоа подрачје. Го посетивме мостот со интересна историска приказна. Учениците имаа можност да прошетаат и да ги разгледаат убавините и на градот Струмица. Во попладневните часови пристигнавме во Дојран, каде се сместивме во хотел Полин и прекрасна локација, покрај Дојранско езеро.






Вториот ден беше резервиран за разгледување на убавините на градот Дојран и прошетка покрај Дојранско езеро.Учениците имаа прилика да го посетат Природно-научниот музеј каде што можеа да се запознаат со животинскиот и растителниот свет кој е карактеристичен за Дојранското Езеро. Исто така ја разгледаа  и Саат Кулата која беше во непосредна близина.



По ручекот следеше напуштање на хотелот и се упативме кон винаријата „Вила Марија" во Демир Капија, каде проследивме едукативно предавање поврзано со историјата на самата винарија. Учениците уживаа и се одмараа во прекрасниот двор на винаријата. На оваа екскурзија, покрај возбудливите и прекрасни впечатоци, кои долго ќе им останат во сеќавање, учениците имаа можност за меѓусебна дружба и проширување на нивните пријателства.

ИЗВЕШТАЈ
МИО активност



Работилница: **School supplies**

На ден 21.10.2024 се одржа заеднички час на учениците од 4-1 и 4-4.
Учениците извлекуваа предмет од торба и го кажуваа зборот на предметот кој го извлекле, потоа ја повторуваа песничката која ја изучиле претходниот час School Supplies Song. Учениците играа игри преку кои се повторуваа зборовите.
Во парови пополнуваа работен лист и креираа ранец од дадена скица. Во текот на активноста, учениците си помагаа и соработуваа. Другаруваа, се консултираа меѓу себе и се забавуваа слушајќи и пеејќи ја песничката за училишни помагала.

ИЗВЕШТАЈ

МИО активност




Работилница: **It's Christmas time**

На ден 19.12.2024 се одржа заеднички час на учениците од 4-2 и 3-3.Учениците изработија новогодишни куќарки. Во текот на активноста, учениците си помагаа при сечење и лепење на куќичките. Другаруваа, се консултираа меѓу себе и се забавуваа слушајќи и пеејќи песнички за Нова година и Божиќ.

## ИЗВЕШТАЈ

Работилница: **World Water Day**

На ден  21.03.2025 се одржа заеднички час со  4-1 и 4-2 одделение.Учениците гледаа видео за тоа како можеме да придонесеме за да се спасат водите, даваа свои идеи и потоа изработуваа хамери.






ИЗВЕШТАЈ
МИО активност

Работилница: **Earth Day**

На ден 23.04.2025 се одржа заеднички час на учениците од 5-2 и 3-5.
Учениците преку низа активности заеднички го одбележаа Денот на планетата Земја. Најпрвин зборувавме за важноста на овој ден и како можеме да придонесеме за подобра и почиста животна средина, потоа гледаа кусо видео и одговараа на прашања поврзани со видеото и на крајот изработија хамер.




ИЗВЕШТАЈ
МИО активност

**Работилница: International Women's Day🌹**

По повод меѓународниот ден на жената се одржа мио работилница под менторство на наставничките по англиски јазик во 5-1 и 3- 4 одделение. Учениците со своите пораки испишани на балони, донесоа насмевка кај своите наставнички.






ИЗВЕШТАЈ

Работилница : **Make a noise about bullying**
На ден 25.04 се одржа заеднички час со учениците од 5-1 и 5-2 одделение. Учениците гледаа краток филм за врсничко насилство, дискурираа на темата и изработија хамер.




**Извештај по повод интернационалниот Ден на планетата Земја**

По повод интернационалниот Ден на планетата Земја, организиравме низа едукативни активности со учениците од IV/3 и IV/4одд, под менторство на наставничките Флора Рамадани и Флора Жерка. Најпрвин, имавме слободен разговор за важноста на овој ден и начините на кои секој од нас може да придонесе за заштита на животната средина.





## Експериментално мерење на квалитет на вода во Река Серава

Во рамките на проектот **„Transforming Green Oases into Blue Schools for a Pink Future" - ProBleu**, на 14.5.2025 тимот од ученици и наставници имаа истражувачка акција на три локалитети на река Серава, со цел да се испита квалитетот на водата

### 1. Цел на проектот

Проектот има за цел да ги запознае учениците со основните еколошки параметри за проценка на квалитетот на вода преку теренско истражување. Посебен фокус е ставен на локалниот екосистем — реката Серава — со цел подигање на еколошката свест и практична примена на научни методи во реална средина.2. Локации на мерење

Мерењата се извршени на пет точки:

1. Мост кај Олимпија, Радишани
2. Мост над последна станица на автобус 57, над Радишани
3. Мост накај гробишта, населба Бутел
4. Вода од чешма (контрола – за пиење)
5. Вода од домашен аквариум (контрола – затворен систем)







## 3. Мерени параметри

- $NO_3^-$ (нитрати) – показател за органско загадување
- $NO_2^-$ (нитрити) – показател за активна биолошка деградација
- GH (општа тврдина) – присуство на калциум и магнезиум
- KH (карбонатна тврдина) – буферна способност и стабилност на pH
- pH вредност – киселост/алкалност на водата
- $Cl_2$ (слободен хлор) – дезинфекциска компонента или индустриско загадување

## 4. Резултати од мерењата

| Локација | NO3 (mg/L) | NO2 (mg/L) | GH (°dH) | KH (°dH) | pH | Cl2 (mg/L) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Олимпија | 17.5 | 0.5 | 13 | 15 | 7.8 | 0.8 |
| Последна 57 | 5.0 | 0.5 | 13 | 15 | 7.2 | 0.8 |
| Бутел – гробишта | 5.0 | 0.5 | 13 | 20 | 7.6 | 0.8 |
| Чешма | 0.0 | 0.0 | 16 | 20 | 7.6 | 1.5 |
| Аквариум | 25.0 | 1.0 | 16 | 15 | 7.2 | 0.0 |

## 5. Графичка анализа




## 6. Краток заклучок

Водата од чешма има најдобар квалитет, додека аквариумот и мостот кај Олимпија покажуваат повисоки нивоа на нитрати и нитрити. Сите точки покажуваат висока карбонатна тврдина и присуство на слободен хлор во природните води. Овие податоци укажуваат на потреба за еколошка санација и континуирано следење на квалитетот на водата.

Заклучно, pH вредностите се стабилни и алкални низ годините, додека присуството на азотни соединенија укажува на континуирано органско загадување. Недостасуваат нови мерења на тешки метали и кислород, кои биле значајни во претходните анализи. Ново присуството на слободен хлор укажува на урбано или технолошко влијание врз водата.

### 7. Споредба со историски податоци (2009–2010)

Во презентацијата се наведени резултати од истражувања спроведени во 2009 и 2010 година, во кои се мереле pH, кондуктивност, растворени материи, амонијак, азотни оксиди и кислород како основни параметри, а тешки метали како дополнителни (Fe, Mn, Pb, Cd, Zn, Cr, Ni, Cu). Следува споредбена анализа со новите податоци од 2025 година:

| Параметар | Историски наоди (2009–2010) | Нови наоди (2025) | Коментар |
|---|---|---|---|
| pH | Нормален до благо алкален | 7.2 – 7.8 | Стабилен; благо алкална реакција |
| $NO_3^-/NO_2^-$ | Азотни оксиди спомнати | $NO_3^-$: 0–25, $NO_2^-$: 0–1 mg/L | Присуство и тогаш и сега; кај Олимпија и аквариумот се гранично високи |
| Тешки метали | Fe, Mn, Pb, Cd, Zn, Cr, Ni, Cu | Не се мерени | Недостига споредба; потребно е повторно мерење |
| Кислород ($O_2$) | Измерен | Не е измерен | Недостасува проценка на биолошка активност |
| Амонијак | Измерен | Не е измерен | Може да се вклучи како индикатор за свежо загадување |
| $Cl_2$ (хлор) | Не се спомнува | 0.8 – 1.5 mg/L | Нов параметар; покажува урбано влијание |

**Извештај за работилници во еколошкиот проект „Transforming Green Oases into Blue Schools for a Pink Future”**

Во рамки на еколошкиот проект **„Transforming Green Oases into Blue Schools for a Pink Future”,** тимот од ученици предводени од наставниците Верче Петрова, Александра Тумбевска, Снежана Јаневска, Елена Апостолоска, Хава Сарачини во текот на школската година 2024/25 имаа повеќе работилници на кои ја изрази ја својата креативност преку многубројните изработки. Изработуваа од материјал за рециклирање, посебно искористи ја многу различни капачиња.







# И З В Е Ш Т А Ј

За реалзирана обука на тема ,,Превенција од насилен екстремизам, радикализам и врсничко насилство“



На 25.-26. Април 2025 година беше реализирана обука на тема ,,Превенција од насилен екстремизам, радикализам и врсничко насилство“ во хотел ,,Вила Гора“ во Крушево.

Со обуката беа опфатени стручни соработници и наставници од основни и стручни училишта од цела држава. Истата беше водена од Владо Димовски - Координатор на проектот ,,Градење доверба во отпорни и инклузивни заедници“.

Низ предавањата од м-р Славе Младеновски беа презентирани и објаснувани низ практични примери и вежби поимите за екстремизам, насилен екстремизам, начин на нивно изразување; конфликтот и видови, како и разрешување на конфликтни ситуации во различни средини и меѓу различни субјекти и ситуации.

Низ предавањето и вежбите особено акцент беше ставен на постапката за медијација и потребата од комуникација и начини на ненасилно разрешување на различни видови конфликти.

Исто така, на обуката имаше и работилници реализирани од тренерите Верче Петрова и Дарко Јовановски на теми со игри за разрешување конфликти, интерактивна работилница ,,Извори на конфликти“ и ,,Ненасилно решавање на конфликти“.

Обуката заврши со општо задоволство на предавачите, тренерита и сите учесници на обуката бидејќи се стекнаа пошироки сознанија за начини на откривање на екстремизам и конфликти, како и начини на нивно ненасилно разрешување, и со особен акцент на голема улога на медијацијата во разрешувањето на конфликтите.

Одделенски наставници
Ленче Неделковска
Мирфетка Јашароска

**Извечтај за активноста по  предметот Природни науки**

Денес со учениците од IV/3 одделение под менторство на учителката Флора Рамадани реализиравме практична активност по предметот Природни науки при што:

Разговаравме за состојбата на водата во природата: мраз (цврста), вода (течна), пареа (гасовита). Направивме едноставен експеримент со топење мраз за да ја видиме промената од цврста во течна состојба.Објаснивме како се случува испарувањето и кондензацијата како дел од циклусот на водата. Учениците го нацртаа водниот циклус: испарување, зголемување на водена пареа, формирање облаци, врнежи и враќање вода на земјата. Нагласивме како водата се движи во природата и како се менува нејзината форма во текот на циклусите.

Практичната активност и цртањето им помогнаа подобро да ги разбера концептите.



# Извештај

На ден 17.04.2025 година Активот на прво одделение од ОУ ,,Живко Брајковски '' Скопје реализира мешан час со ученици од прво одделение (I-1,I-2,I-3,I-4, I-5и IV-5) со цел јакнење на мултиетничка соработка меѓу учениците од нашето училиште.

Активностите беа реализирани со индивидуална и работа во групи со 30 ученици , различен пол и националност, организирани и реализирани од наставниците од Активот на прво одделение и IV-5одделение.

Темата на работилницата беше одбележувањето на верскиот празник Велигден.

Учениците работеа во групи со заедничка изработка на боенки, цртежи и слики со кои ќе ги уредат училниците и во пресрет на големиот празник.

Беа изработени интересни и убави ликовни решенија кои го изразуваа мултикултурализмот во училиштето меѓу учениците, како и пошироко – во општината. Изработките беа поставени во училниците и во училишниот хол.



**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД 21 МАРТ– ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА**

Добредојде, пролет! 🌸🌞🌿
Учениците ја прославија доаѓањето на пролетта со убави и шарени активности! Со насмевки и креативност, тие ја донесоа живописната атмосфера на најубавото годишно време. Да ги исполниме нашите денови со радост, љубов и пролетна свежина! 🌼💛
Активноста беше реализирана под менторство на наставниците од II-3 Адем Алили, II-4 Шејнур Зејадини и II-5 Блерта Алиу.



## ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД ДЕН НА ВОДАТА–22.03.2025

Светскиот ден на водата – Да се грижиме за иднината! 💧🌍
Учениците од второ одделение го одбележаа Светскиот ден на водата со едукативна и креативна активност, учејќи за значењето на водата и начините како да ја зачуваме. Преку цртежи, разговори и практични активности, тие разбраа дека секоја капка вода е важна! 💙💧💦
Активноста беше реализирана под менторство на наставниците од II-3 Адем Алили, II-4 Шејнур Зејадини и II-5 Блерта Алиу.




## ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД- КУРБАН БАЈРАМ 06 ЈУНИ



На ден 05.05.2025 по повод 06 јуни денотна Курбан Бајрам учениците од второ одделение II-3,II-4 и II-5 беше реализирана празнична активност исполнета со игри, разговори и креативни изразувања за да го прослават овој благословен ден!
😊🙏Нека Бајрам донесе мир 🕊️, среќа 😍и многу благодати за сите! 🌸🌟Среќен Бајрам од срце! 🎊🎶
Активноста беше реализирана под менторство на наставниците од II-3 Адем Алили, II-4 Шејнур Зејадини и II-5 Блерта Алиу.





**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД**
**Одбележувањето на Патронатот на** Oou Zhivko Brajkovski - Butel**.**



На ден 23.05.2025 година, по повод патронатот на нашето училиште учeничките од второ одделение II-3,II-4 и II-5 беше реализирана ритмичка точка со песната Барби гирл
Активноста беше исполнета со смеа, дружење и позитивнаенергија, а преку неа се негуваа вредности како пријателство, почит и радост.
Активноста ја реализираа наставничките од одделенска настава Бљерта Аљиу и Шејнур Зејадин

## Извештај за одбележување на светскиот ден на пчелата

На ден 20 мај 2025 година, се одбележа светскиот ден на пчелата во 3-2 одделение и во 3-1 одделение од нашето училиште. Учениците на креативен и едукативен начин го одбележаа овој значаен ден.

Целта беше да се збогатат знаењата на учениците за значењето на пчелата . Да научат дека најголем опрашувач на планетата е токму пчелата и дека од огромно значење е што повеќе да се садат растенија .Учениците со голем интерес учествуваа во сите активности и научија зошто пчелите се едни од највредните и најпотребните суштества на планетата. Преку обележувањето на овој ден, учениците се потсетија колку е важно да ја чуваме природата и сите нејзини жители.





Наставници: Ана Николовска, Христина Саздова

## Извештај за завршна изложба за еколошкиот проект „Transforming Green Oases into Blue Schools for a Pink Future”



Во рамки на еколошкиот проект **„Transforming Green Oases into Blue Schools for a Pink Future”,** беа спроведени голем број активности, работилници, акции за чистење на реката Серава, акција за испитување на чистотата на водата во реката Серава и сето тоа се одвиваше во текот на цела учебна година 2024/25. На работилниците учениците изработуваа од материјал за рециклирање. Проектот се спроведуваше со ученици од прво до деветто одделение. Креативноста на учениците беше на високо ниво. Целта на проектот е подигнување на свесноста за одржување на чисти води, заштита на околината.

Во холот на училиштето на 23.05.2025 беа изложени изработките од учениците.









**Извештај за Меѓународниот ден на танцот**

На Меѓународниот ден на танцот оваа година се приклучи и нашето училиште.
По претставувањето на танцовите, гостите имаа можност да прошетаат низ штандовите, каде можеа да видат и слушнат доста занимливости за земјите кои беа претставени, но исто така и да пробаат традиционални јадења.
Учениците од IV-3 -IV4 под менторство на учителките Флора Рамадани и Флора Жерка учествуваа со традиционално јадење,носии и народи инструменти.



**Извештај за одбележување на Денот на учителот**

По повод 7 Март - Денот на учителот одржавме празнична активност со учениците од IV/3 -IV/4одд. претворајќи го овој ден во посебен момент на размислување и благодарност за улогата на наставниците. Организиравме историски час на кој учениците дознаа повеќе за важноста на овој датум, а потоа изведоа рецитали и пееја песни посветени на наставниците.



**Извештај за одбележување на Светскиот ден на аутизмот**

2 април, учениците од IV/3 одделение под менторство на наставничката Флора Рамадани го одбележаа Светскиот ден на аутизмот. Оваа активност беше организирана со цел да се подигне свеста кај учениците за аутизмот, да се промовира прифаќањето и да се развие поотворен и поддржувачки став кон лицата со аутизам.








**Извештај за одбележување на Светскиот ден на медот**
Денес со учениците од IV-3 одд под менторство на на наставничката Флора Рамадани реализиравме активност посветена на Светскиот ден на медот. Целта на активноста беше да се зголеми свеста за значајот на пчелите и нибните природни производи. Учениците изработуваа ракотворби на тема пчели и мед, користејќи различни уметички и креативни материјали. З време на работата разговаравме за хранливите вредности на медот и важоста за чување на природата.Активноста протече во пријатна атмосфера и ја потикна креативноста кај учениците.




 

**Извештај за одржаниот квиз**
На ден 16.05.2025 год. учениците од IV-3 и IV-1одд.со одделенските наставници Флора Рамадани и Лилјана Стојановска одржаа МИО активности, КВИЗ по предметот математика, на смарт табла користејќи ја Google апликацијата Kahoot. Учениците стекнаа знаење преку интересни активности, а смарт таблата, како вид напредна технолошка алатка им овозможи интересно учење. Овие алатки го олеснуваат процесот на совладување на предвидениот наставен материјал за учениците, но користејќи креативни и современи дигитални форми наставното градиво веќе им стана поинтересно за следење и на современ начин ја унапредуваме наставата.


Kuiz Matematike 3
Milica
Claim rewards





**Извештај за осма работилница во рамки на проектот**

**„Градиме доверба“**

**30.05.2025**




Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје**“**, „Македонското здружение на млади правници**“**, се реализираше втората работилница. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Работилницата ја реализираа Верче Петрова, професорката Митра Блажевска – професор по македонски јазик во СУГС – Раде Јовчевски Корчагин, тренери од Центарот за толеранција и Александра Тумбевска од ООУ Живко Брајковски.

На работилницата учествуваат 9 ученици од 8 одделение со мешан етнички состав.

Откако учениците беа поделени во 3 групи, на првата група им беше зададена задача, да смислат - акростих , песна со дадени првите букви: МИР ЗА СИТЕ МИР ВО СВЕТОТ.

Со самото учество на децата тие добиваат чувство на припадност и важност, но и сфаќаат дека тука се важни тие.

На втората група им беше зададдено да креираат симбол за мир препознатлив на групата. Најпрвин секој сам





смислуваше, а потоа заедно креираа еден прекрасен карактеристичен симбол – во кој беше вложен многу труд. Целта на оваа активност е јакнење на групна кохезија и формирање групен идентитет.

И на третата група им беше зададено, зборот Мир да го запишат на што повеќе јазици, како се пишува, како се чита.





И како последна активност, им беше зададено да смислат зборови во кои се содржи зборот „МИР“.

На крајот на работилницата учесниците добиваат освежување ( сендвич и сок).

**Извештајот го изготвија: Верче ПетроваАлександра Тумбевска**

**Извештај за Патрониот ден**

Со визија и посветеност го одбележивме патрониот празник. Учениците IV/3 - IV/4
за патрониот ден учествуваа со една ритмичка точка.Најдобрите ученици ги пофаливме и им честитавме на најдобрите од одделенијата.





ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОСЕТА НА БОТАНИЧКА ГРАДИНА





На ден 16.5.2025 година се реализира едукативна посета на Ботаничка Градина на Институтот по Билологија при Природно-Математички факлутет од Скопје за учениците од VIII-1 одд. VIII-3 одд, VIII-4 и VII-3 одд. Учениците беа придружувани со наставниците Снежана Јаневска,Назмије Бела, Катерина Тодорчевска.

Цели на посетата:

За учениците од VIII-1 одд. VIII-3 одд, VIII-4 посетата имаше едукативна цел со цел да се прошири знаењето за различни видови растенија, нивните природни живеалишта и нивното значење за екосистемот. Да се развие еколошка свест и одговорност за заштита на животната средина.

1. За учениците VII-3 целта беше зборот "ботаничар". Пред тоа учениците од Vll/3 кои напредуваат во процесот на учење на македонскиот јазик проследија епизода од документарната серија "Опстанок". Зборувано е за значењето на ботаничарот Дејвид Белами.Термини:ботаника, екологија и животна средина. Разговор:"Предност на децата кои растат со растенија " (во рамките на часот по додатна настава).

2. Да се негува мечуетничка толеранција, градење на доверба и развивање на меѓусебна почит и разбирање

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

По пристигнувањето не пречека стручно лице-ботаничар кој одржа интерактивно предавање за класификацијата на растителните видови.

Учениците научија што се автохтони и алохтони видови, имаа можност да направат микроскопси препарати од делови на растенија и да ги гледаат под микроскоп.







Потоа имавме прошетка низ ботаничката градина проследена со предавање и објаснување за видовите растенија кои ги имаа во градината, интересни факти за дел од растенијата.

ЗАКЛУЧОК

Посетата на Ботаничката градина претставувше едукативно, општествено и социјално збогатување на учениците. Активност која поддржува тимска работа,почитување, толеранција и емпатија.

Преку практично и активно учење учениците се стекнаа со нови знаења, се стекнаа со поголема свест за биолошката разновидност и заштита на животната средина.

Дата — Наставник

25.5.2025 — Снежана Јаневска

**Извештај за посета на Националниот парк Маврово**

На 2.06.2025 со учениците од четвртите одделенија IV-1,2,3,4 под менторство на нивните учителки Лилјана Стојановска, Ленче Неделковска, Флора Рамадани, Флора Жерка, реализиравме едукативна посета на Националниот парк Маврово. За време на оваа екскурзија, учениците имаа можност одблиску да се запознаат со природата и нејзините богатства.
Пешачењето се одвиваше по специјализирана планинска патека, која беше опремена со информативни табли за лековитите растенија, чаеви, шумски плодови и животни кои живеат во овој регион. Нè водеше стручен водич кој со голем ентузијазам и јасност им го пренесе знаењето на учениците.

Извештај за посета на Саемот на книги
На 8 мај 2025 година, заедно со учениците од IV-3 и IV-4 одд со наставничките Флора Рамадани и Флора Жерка, го посетивме Саемот на книги кој беше организиран во просториите на центарот „Борис Трајковски“. Целта на оваа посета беше да се поттикне љубовта кон читањето кај учениците и да им се даде можност да се запознаат со новите изданија на пазарот.



И З В Е Ш Т А Ј
За реалзирана обука на тема ,,Превенција од насилен екстремизам,
радикализам и врсничко насилство“

На 11-12 Април 2025 година беше реализирана обука на тема ,,Превенција од насилен екстремизам, радикализам и врсничко насилство“ во хотел ,,Полин“ во Стар Дојран .

Со обуката беа опфатени стручни соработници и наставници од основни и стручни училишта од цела држава. Истата беше водена од Владо Димовски- Координатор на проектот ,,Градење доверба во отпорни и инклузивни заедници“.

Низ предавањата од м-р Славе Младеновски беа презентирани и објаснувани низ практични примери и вежби поимите за екстремизам, насилен екстремизам, начин на нивно изразување; конфликтот и видови, како и разрешување на конфликтни ситуации во различни средини и меѓу различни субјекти и ситуации.

Низ предавањето и вежбите особено акцент беше ставен на постапката за медијација и потребата од комуникација и начини на ненасилно разрешување на различни видови конфликти.

Исто така, на обуката имаше и работилници реализирани од тренерите Митра  Блажевска и Дарко Јовановски на теми со игри за разрешување конфликти, интерактивна работилница ,,Извори на конфликти“ и ,,Ненасилно решавање на конфликти“.

Обуката заврши со општо задоволство на предавачите, тренерита и сите учесници на обуката бидејќи се стекнаа пошироки сознанија за начини на откривање на екстремизам и конфликти, како и начини на нивно ненасилно  разрешување, и со особен акцент на голема улога на медијацијата во разрешувањето на конфликтите.

12.04.2025.г.
Скопје

Одделенски   наставници
Ана Николовска
Александра Гулевска

ИЗВЕШТАЈ
за посета на ТАВ Меѓународен аеродором Скопје

На ден 27.05.2025 учениците од II-1 и II-2 одд. од ООУ „Живко Брајковски“ - Скопје го посетија Меѓународниот аеродром Скопје.
Децата се запознаа со светот на воздушниот сообраќај, ги набљудуваа авионите одблиску и со широко отворени срца ги впиваа секој звук, секој поглед и секој детал од ова незаборавно доживување. Границите исчезнаа, љубопитноста стана безгранична, а детските соништа одлетаа до небото, кога очите беа полни со восхит, а срцата со возбуда и радост.
Благодарност до тимот на Меѓународниот аеродром Скопје ( **Skopje International Airport - SKP** ) за топлиот и срдечен прием.
Посетата беше реализирана со одделенските наставнички Александра Гулевска и Александра Николова-Ивановски.





**И З В Е Ш Т А Ј**
**за реализација на наставно-научна екскурзија во месноста Дељадровци**

Екскурзијата се реализира на 05.06.2025 година (четврток) на ниво на училиште, со ученици од паралелки од I до IX одделение.

Учениците патуваа со организиран автобуски превоз.

Наставно-научната екскурзија се реализираше во близина на с.Дељадровци. Временските услови овозожија прекрасна дружба на наставниците и учениците како во рамките на своето одделение, така и меѓу другите одделенија. Се разви натпреварувачки дух во повеќе спортски игри како фудбал, одбојка, подавање со топка и сл. Учениците со поттик и самоиницијативно играа и друштвени игри –меморија, карти (уно)...

Учениците го посетија и Дељадровски манастир „Свети Ѓорѓи“ кој всушност е манастирски комплекс од пет цркви и претставува прекрасно, мирно и уредено место за одмор и релаксирање.

Во текот на патувањето учениците го воочуваа сообраќајот на автопатот, различните видови на превозни средства, патната сигнализација како и сообраќајната (не) култура на учесниците.

Учениците беа задоволни од патувањето и од местото кое го посетија. Тие изразија желба за организирање на слични патувања преку што би го збогатиле своето знаење, но и би го зајакнале другарството.

05.06.2025
Скопје

Наставник
Петранка Дичоска

**И З В Е Ш Т А Ј**

**За реализација на пролетна екскурзија во с.Дељадровце**

На ден 05.06.2025 се одржа еднодневна пролетна екскурзија во с. Дељадровце.

Учениците, заедно со своите наставници, тргнаа во 80:30 часотод пред општина Бутел со организиран автобуски превоз.

Учениците се дружеа, играа и уживаа во убавините на пролетното топло време.

Учениците се вратија во училиште со организиран автобуски превоз, восхитени од убавините на природата.

Присутни беа 13 ученици.



05.06.2025 година

Скопје

Одговорни наставник

Мирфетка Јашароска 5-2 одд

**Извештај за одбележување на 1 Јуни - меѓународен Ден на детето**

Учениците од IV-3 одд. под менторство на наставничката Флора Рамадани, со радост и ентузијазам го одбележаа овој ден.

Тие подготвија цртежи и убави пораки кои ја изразуваат нивната љубов, соништа и желби за среќно детство. Со разновидни активности, учениците пренесоа пораки за љубов, мир и радост, потсетувајќи нè сите колку е значајна заштитата и подршката на децата.






**Извештај за обука во рамки на проектот**

**„Градиме доверба“**







Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје“, „Македонското здружение на млади правници“, се реализираше обука на тема „Медијацијата како постапка во решение на спор на врсничко насилство„. Обуката ја организира Центарот за толеранција и доживотно учење. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Обуката се одржа на 30.05.2025 во просториите на училиштето.

Обуката ја реализираше м-р Славе Младеновски-медијатор и Верче Петрова-модератор.

Темата на обуката беше: Медијацијата како постапка во решение на спор во врсничко насилство.

На обуката присуствуваа наставници и родители.

Извештајот го изготви: Верче Петрова

# И З В Е Ш Т А Ј

За реализација на посета на Собрание на РМ, Спомен куќа на Мајка Тереза, Плоштад Македонија, Стара скопска чаршија, Даут-пашин амам, Мурат -пашина џамија,црква Свети Спас

Посетата се реализира на 22.04.2025 година во организација на училиштето и Актив на одделенски наставници од IV-1,2 одделение: Лилјана Стојановска и Ленче Неделковска.
Учениците патуваа со организиран автобуски превоз.

Посетата се реализира најпрвин со посета на Собранието на Република Македонија со водич од институцијата. Беа посетени библиотеката, салите за седници, куполата, салите за прием и прес конференции. Учениците беа запознати со начинот на функционирање на Собранието, донесување на законите, други функции на оваа институција.Учениците беа ставени и во улога на претеници при што дебатираа и ,,изгласаа" закон за сегмент од основното образование.

Потоа беше посетена Спомен куќата на Мајка Тереза и учениците беа запознати со хуманитарната улога на Мајка Тереза.

Беше посетен и Музеј на град Скопје со часовникот како сведок на земјотресот во 1963 година.

Низ плоштадот Македонија беа разгледани спомениците на значајни историски личности, разгледан Камен мост. Потоа беше направена прошетка низ Стара скопска чаршија каде учениците се запознаа со неколку видови занаети (лимари, шапкари, златари, кројачи, слаткари, пекари...); изгледот и функционирањето на Даут-пашин амам и Мурат-пашина џамија...

Ја посетивме и цквата Свети Спас и оддадовме почит на Гоце Делчев пред неговот гроб.

Посетата заврши на општо задоволство на учениците кои се стекнаа со знаења за значењето и функционирањето на посетените институции и објекти на својот град

22.Април,2025 година
Скопје

Наставници реализатори:
Лилјана Стојановска IV-1
Ленче Неделковска IV -2

**Извештај за деветта работилница во рамки на проектот**

**„Градиме доверба“**

**02.06.2025**



Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје**“**, „Македонското здружение на млади правници**“**, се реализираше втората работилница. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund.

Работилницата ја реализираа Верче Петрова, професорката Митра Блажевска – професор по македонски јазик во СУГС – Раде Јовчевски Корчагин, тренери од Центарот за толеранција и Александра Тумбевска од ООУ Живко Брајковски.

На работилницата со наслов Санта мраз учествуваат 9 ученици од 8 одделение со мешан етнички состав.

Обучувачот чита едно по едно тврдење од повеќе понудени кои се однесуваат на темата Конфликти. Учениците по секое прочитано тврдење застануваат на одредено место долж замислената линија помеѓу „се согласувам“ и „не се согласувам“ во зависност од тоа до кој степен се согласуваат со прочитаното тврдење.

Како главна активност беше активноста Санта мраз, за која добиваат наставен лист. Конфликтите се споредуваат со Санта мраз во која има еден дел кој е видлив и јасен, но тој е помал и има дел кој не е видлив кој е многу поголем.

Како завршна активност, следеше Умеам-сакам да умеам.

Секој дел се завршуваше со дискусија помеѓу тренерите и учениците.





На крајот на работилницата учесниците добиваат освежување (сендвич и сок).



**Извветштајот го изготвија:**
**Верче Петрова**
**Александра Тумбевска**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ДЕТСКАТА КНИГА**
**03.04.2025**





На ден 03.04.2025 година, по повод Светскиот ден на детската книга, со учениците од второ одделение беше реализирана едукативна посета на библиотеката на училиштето.
За време на посетата, учениците имаа можност да се запознаат со богатството на детската литература и да слушаат кратки одломки од омилените книги. Преку оваа активност, се поттикна љубовта кон читањето и се разви интерес кај децата за истражување на нови приказни и автори. Наставничката на учениците им објасни како функционира библиотеката и како можат да позајмуваат книги.
Активноста беше реализирана во пријатна и инспиративна атмосфера и им овозможи на учениците да стекнат нови знаења и уште повеќе да ја ценат важноста на книгата во нивниот развој.
Активноста ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА**
**23.04.2025**



На ден 23.04.2025 година, по повод Денот на планетата Земја, со учениците од трето и петто одделение беше реализирана едночасовна едукативна МИО активност.
Учениците имаа можност да дискутираат за важноста на заштитата на животната средина и да споделат идеи како да се грижат за нашата планета. Преку интерактивна дискусија и визуелна презентација, децата научија за проблемите поврзани со загадувањето и климатските промени, како и за секојдневните чекори што можат да ги преземат за да помогнат – како рециклирање, користење помалку пластика и засадување растенија.
Активноста го зголеми нивното еколошко освестување и поттикна чувство на одговорност кон природата.
Активноста ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера.






**ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ ПО ПОВОД 1 ЈУНИ – ДЕНОТ НА ДЕЦАТА**
**30.05.2025**



На ден 30.05.2025 година, по повод 1 Јуни – Светскиот ден на децата, со учениците од четврто одделение (4-4) беше реализирана празнична активност исполнета со игри, разговори и креативни изразувања.
Учениците учествуваа во разни забавни активности на англиски јазик, вклучувајќи квизови, песни и цртање на тема „Моето среќно детство". Акцентот беше ставен на правата на децата, при што учениците ги споделија своите мислења за тоа што значи да се биде среќно и заштитено дете.
Активноста беше исполнета со смеа, дружење и позитивна енергија, а преку неа се негуваа вредности како пријателство, почит и радост.
Активноста ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**28.05.2025**



На ден 28.05.2025 година, наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера и другите наставнички од англиски јазик учествуваа на Годишната конференција организирана од издавачката куќа Hamilton House.
Конференцијата опфати едукативни предавања, работилници и дискусии поврзани со современи методи во наставата по англиски јазик, иновативни наставни ресурси и пристапи за зголемување на мотивацијата кај учениците. Настанот овозможи професионален развој, размена на искуства и добивање нови идеи кои ќе придонесат за подобрување на наставната практика.
Учество на вакви настани е од големо значење за континуирана надградба на стручните компетенции на наставниците.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ДЕСЕТТАТА РАБОТИЛНИЦА ВО ХАМИЛТОН ЕДУКАТИВНИОТ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР**
**18.05.2025**



На ден 18.05.2025 година, наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера учествуваше на десеттата работилница организирана од Хамилтон Едукативниот Тренинг Центар под водство на Емилија Стојановска. Работилницата беше посветена на практични методи и стратегии за унапредување на наставата по англиски јазик, со посебен фокус на креативноста во училницата, ангажирање на учениците и интегрирање на дигитални ресурси во наставата. Наставниците учесници имаа можност да разменат искуства, да дискутираат за предизвиците во наставниот процес и да стекнат нови алатки за професионален развој.
Учеството на вакви обуки претставува важен чекор во градење на квалитетно и современо образование.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА ПО ТЕМА: ЕДУКАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ И ВЕРОДОСТОЈНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ИНТЕРНЕТ**
**30.04.2025**



На ден 30.04.2025 година, наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера учествуваше на обука на тема „Едукација за медиуми и веродостојност на информации на интернет“, организирана во просториите на ООУ „Живко Брајковски“.
Обуката беше водена од професорка од ФИНКИ (Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство), која преку интерактивно предавање и дискусија ги запозна присутните со значењето на медиумската писменост, критичкото размислување при консумирање содржини од интернет и алатките за препознавање лажни вести и дезинформации.
Настанот придонесе за подигнување на свеста кај наставниците за важноста на медиумската едукација кај учениците и нивната заштита во дигиталната ера.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА ОРГАНИЗИРАНА ОД EXPRESS PUBLISHING 09.05.2025



На ден 09.05.2025 година, наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера учествуваше на Годишната конференција организирана од Express Publishing.

Конференцијата вклучуваше низа едукативни сесии и презентации поврзани со иновативни пристапи во наставата по англиски јазик, методологија, мотивација кај учениците, и употреба на дигитални материјали и платформи во современата училница. Присутните наставници имаа можност да се запознаат со најновите изданија и ресурси понудени од Express Publishing.

Овој настан претставуваше одлична можност за професионален развој, размена на искуства и стекнување нови знаења и идеи за подобрување на наставната практика.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ОБУКА НА ТЕМА: ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА (AI)**
**10.03.2025**



На ден 10.03.2025 година, во просториите на ООУ „Живко Брајковски“, се одржа обука на тема „Вештачка интелигенција (AI)“, реализирана од колешката Елена Апостолоска.
На обуката присуствуваа наставници од училиштето, кои беа запознаени со основните концепти на вештачката интелигенција, нејзината примена во образованието, како и со етичките аспекти и предизвиците што ги носи оваа технологија. Преку практични примери и дискусии, наставниците добија увид во алатки базирани на AI кои можат да се применат за подобрување на наставниот процес и индивидуализација на учењето.
Настанот беше мошне корисен и инспиративен, со цел да се подготват наставниците за идни предизвици во современото образование.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТ: SPELLING BEE НАТПРЕВАР
## 03.06.2025








На ден 03.06.2025 година ,во просториите на ООУ „Живко Брајковски“,  се реализира Spelling Bee натпревар помеѓу две паралелки од четврто одделение. Овој натпревар има за цел да го поттикне интересот на учениците за правилно пишување и изговарање на зборови на англиски јазик.
Учениците ќе се натпреваруваат во неколку круга, каде што ќе треба јасно и точно да ги изговорат и спелуваат зададените зборови. Активноста ќе се одвива во пријателска и мотивирачка атмосфера, со цел да се поттикне самодовербата и љубовта кон англискиот јазик.
Натпреварот ја реализира наставничката по англиски јазик Теута Бајрами Фера.

**ИЗВЕШТАЈ**

**За одржан летен камп во Струга во период**

**22.06 – 28.06.2025 година**



Во рамки на проектот „Градење доверба”, во кој проект партнери се „Центарот за толеранција и доживотно учење од Скопје**“**, „Македонското здружение на млади правници**“**, се реализираше камп во хотел Галеб во Струга. Проектот е поддржан од ЕУ односно од GCERF - Global Community Engagement and Resiliend Fund, под менторство на наставниците **Верче Петрова и Александра Тумбевска**.

На кампот освен ученици од ООУ „Живко Брајковски“ - Бутел, учество зедоа ученици и наставници од ООУ„Браќа Миладиновци“ , ООУ„Крсте Мисирков“ и „Толи Зордумис”од Куманово и ООУ„Св.Климент Охридски“- општина Кисела Воda. На кампот учествуваа зедоа 60 ученици, наставници и тренири од центарот во хотел „Галеб“-Струга.





Учениците секојдневно учествуваа во богата програма која вклучува:

– утринска гимнастика,




– едукативни и интерактивни работилници,

– друштвени игри и спортски активности,

-



- презентирање на мини драма со тема од булинг и врсничко насилство.

Покрај тоа, учесниците имаа можност за одмор и релаксација на плажа, како и вечерни забави кои градат нови пријателства и спомени кои ќе ги паметат засекогаш.







Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука

## ЈАВНА ПОЛИТИКА ЗА ПОДДРШКА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА РОМИТЕ „РОМСКИ ОБРАЗОВНИ МЕДИЈАТОРИ“

Министерството за образование и наука од 2018 година ја имплементира мерката „Ромски образовни медијатори“ за поддршка на основното образование на Роми. Оваа претходно мерка од Националната Стратегија за Роми на Република Северна Македонија, со измената на Законот за основното образование во 2019 година станува јавна политика и е уредена во член 37 од Законот за основното образование.

### Месечен извештај за работата на ромските образовни медијатори

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на медијаторот:** | Мартина Ирљаз |
| **ООУ и општина (ако се повеќе училишта, наведете ги сите во кои работите):** | ООУ „Живко Брајковски“- Бутел, Скопје |
| **Период за кој се поднесува извештајот (месец и година):** | мај 2025 |
| **Датум на поднесување на извештајот:** | 03.06.2025 |

1. Вклученост на засегнати страни во имплементацијата на програмата (набројте ги институциите, организациите и/или поединци со кои сте соработувале):
   Во текот на месецот соработував со следните засегнати страни: родители на ученици од ромска заедница, наставници од редовната настава, стручна служба психолог во ООУ „Живко Брајковски“. Соработката се одвиваше преку индивидуални средби, консултации за упис на првачиња, како и за следење на образовната вклученост и однесувањето на одделни ученици.

2. Активности преземени во тековниот месец во однос на посетените ромски семејства, теренски посети и реализирани средби (пополнете ја соодветно табелата со бројки, а не текст):

| **Број на посетени семејства** | **Број на реализирани теренски посети** | **Број на реализирани средби** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Општина** | **Училишни директори** | **Наставници и стручна служба** | **Родители** |
| 2 | 3 | 0 | 0 | 1 | 2 |

Објаснете текстуално која е причината и што е разговарано за време на посетите и реализираните средби согласно пополнетата табела од прашањето бр. 2:
Во тековниот месец беа реализирани 2 теренски посети, при што беа посетени 2 ромски семејства. Во рамки на активностите беа остварени 2 средби со родители, како и 1 средба со наставници и стручна служба. Средби со училишни директори не беа реализирани.

Целта на посетите беше следење на редовноста на учениците, уписот на првачиња, како и индивидуални разговори со родителите за вклученоста на нивните деца во образовниот процес. При една од средбите со стручната служба во ООУ „Живко Брајковски“, се разговараше за упис на две ромски деца, од кои едно е успешно запишано.

Дополнително, беше отворен и случајот на ученикот Давид Кутриш, за кого наставничкиот кадар изрази сериозна загриженост поради недисциплина и нарушено однесување. Беа реализирани средби со неговите родители, при што беше нагласена нивната волја да помогнат во подобрување на состојбата, и покрај тешките семејни и социјални околности во кои живее ученикот.

Активностите беа насочени кон унапредување на соработката меѓу училиштето и семејствата, олеснување на процесот на упис и адресирање на проблемите со однесување кај учениците.

**3.** Пополнете ја соодветно табелата (со бројки, а не текст – табелата за секое ООУ се пополнува поединечно):

| **Име на училиштето:** | ООУ „Живко Брајковски“- Бутел, Скопје | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **Забелешка** |
| **Број на нередовни ученици Роми** | 0 | 0 | 0 | |
| **Вкупен број на ученици Роми кои се осипани (отпишани од училиште)** | 0 | 0 | 0 | |
| **Причина за осип:** | | | | |
| 1. Азил | 0 | 0 | 0 | |
| 2. Промена на живеалиште | 0 | 0 | 0 | |
| 3. Брак | 0 | 0 | 0 | |
| **Број на реинтегрирани ученици Роми (повторно вратени во училиште)** | 0 | 0 | 0 | |
| 1. Во земјата | 0 | 0 | 0 | |
| 2. Од странство (повратници) | 0 | 0 | 0 | |
| **Број на ученици Роми со поодмината возраст** | 0 | 0 | 0 | |
| **Вкупен број на ученици Роми без документи** | 0 | 0 | 0 | |
| **Други проблеми (недисциплина, потреба од дополнителна помош и/или** | 0 | 0 | 0 | |

**4.** Состојба на терен (објасни текстуално):

Во текот на месец мај беа спроведени теренски активности во соработка со ООУ „Живко Брајковски“**.** Се реализира средба со психологот на училиштето во врска со уписот на првачиња од ромска етничка заедница. Според податоците, три деца се веќе успешно запишани во прво одделение.

Дополнително, се дискутираше и за случајот со ученикот Давид Кутриш, за кој класниот раководител и наставнички изразија загриженост поради сериозни проблеми со однесувањето. Според нив, ученикот постојано ги надминува границите на дозволено однесување и е предмет на постојани разговори меѓу целокупниот персонал во училиштето. Во однос на овој случај беше организиран разговор со неговите родители, кои изразија волја и напори за да се подобри неговото однесување. Проблемот не се манифестира само во училишна средина, туку и надвор од неа.

Според информациите добиени од семејството, ученикот живее во субстандардни услови**,** а дополнителен психо-социјален товар е и фактот што неговиот очув не е биолошки татко, со кого има сериозно нарушени односи поради претходни случаи на семејно насилство врз неговата мајка**.** Овој контекст дополнително го отежнува емоционалниот и однесувачкиот развој на ученикот.

Продолжува координацијата со стручната служба на училиштето за навремено следење на состојбата и барање на соодветни форми на поддршка за ученикот и неговото семејство.

**5.** Дали во училиштето има паралелки само со ученици припадници на ромската етничка заедница (доколку има наведете го бројот на учениците и паралелката, односно за кое одделение станува збор):

Во основното училиште ООУ „Живко Брајковски“ нема паралелки составени само од ученици припадници на ромската етничка заедница.

**6.** Состојбата во училиштата и запишувањето на првачиња Роми (ова прашање се одговара во периодот по уписот на првачиња во основно образование од месец јуни до декември, истата се пополнува за секое ООУ поединечно)

| Вкупен број на првачиња Роми согласно списокот за упис во прво одделение од училиштата | Вкупен број на деца Роми кои не се на списокот | Вкупен број на запишани првачиња Роми | Вкупен број на незапишани првачиња Роми | | | Вкупен број на првачиња Роми на поодмината возраст |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | | | |
| | | | Причина | | | |
| | | | Азил | Возраст | Сезонска работа | |
| 1 | 3 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Дата

02.07.2025 год

Директор

Магдица Пеева